СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 9 октомври 1995 година

Скопје, октомври 1995 година

**28-ма СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 9.X.1995 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 2, 25, 68...
2. АБДИ ФАИК - 97
3. БОЈКОВ ИВАН - 72
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 37, 40
5. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 45
6. ДАВЧЕВ САНДЕ - 41
7. ЗОГРАФСКА - КУЉАН РАТКА - 91, 93
8. ЗИБЕРИ НАСЕР - 82, 84, 106
9. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 75
10. КАДРИУ ЗЕЌИР - 103
11. МИТРЕВА ИЛИНКА - 27
12. МИНОВ ПАНЧЕ - 48, 49
13. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 52
14, НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 54, 57
15. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 61
16. ОСМАНИ РУФИ - 29, 31, 34, 35, 58, 60, 105, 107
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 85
18. РАМАДАНИ САЛИ - 65, 67, 68, 69, 70, 71
19. РУЖИН НАНО - 42
20. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 77, 80.
21. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 50
22. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 105
23. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО -3 ( Експозе)
24. ЦРВЕНКОВСКИ СТЕВО - 108, 110, 118
25. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО - 100, 101
26. ХАСИПИ КЕНАН - 94
27. ФИЛИПОВСКИ БЛАЖЕ - 62 .
28. ШАЌИРИ ХИСНИ - 25,73

Дневен ред:

- Предлог за донесување на закон за Ратификација на Времената спогодба меѓу РМ и Р.Грција,сключ, во Њујорк на 13.IX.1995г.,со Предлог на закон

КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 октомври 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат 101 пратеник.

Пратениците Киро Поповски, Санде Џамбазовски, Јане Ангеловски, Јован Лазаров и Пецо Стојановски не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија. Со оглед на значењето на прашањето што се предлага за разгледување на оваа седница, предлагам да не се дополнува дневниот ред и да не се поставуваат пратенички прашања

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

102 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

Предлог за донесување на закон за ратификација на Времената Спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција, склучена' во Њујорк на 13 септември 1995 година, со предлог на закон.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака.

102 пратеници гласаа "за".

Дали некој е против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на **точката 1** - Предлог за донесување на закон за ратификација на Времената Спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција, склучена во Њујорк на 13 септември 1995 година, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Го молам претседателот на Владата г-динот Бранко Црвенковски да поднесе уводно излагање.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

**Почитувани пратеници,**

Денес во светот постојат преку 4000 народи и различни етникуми, но само околу 190 од нив успеале да создадат своја држава.

Некои од овие народи се и 20-30 милионски, со повеќе вековна континуирана борба, со многу војни, востанија, жртви, па сепак не успеале да ја стекнат својата државност, да го најдат своето место во меѓународната заедница.

Кога користејќи ја временската дистанца и историските сознанија се обидуваме да го' најдеме одговорот на прашањето "зошто Македонскиот народ не успеа да создаде своја држава тогаш кога тоа им појде од рака на останатите балкански народи?" доаѓаме до еден сложен збир на различни причини:

1. Не успевање да се создаде доволно критична маса во пресудниот момент, присутното внатрешно неединство, делби, трагични судири и подложност на влијанија однадвор, па дури и отворено ставање во служба на туѓи интереси.

2. Интересите и аспирациите на нам соседните и по број поголеми народи со заеднички фокус не кон поддршка, туку сосем спротивно, кон асимилирање и раскинување на македонското национално ткиво.

3. Интересите на големите светски сили што во таквите преломни историски моменти не се поклопувале или барем не биле убедени дека се поклопуваат, односно реализираат, низ постоењето на самостојна Македонска држава.

На некој начин овие три фактори: внатрешниот, соседите и големите сили претставуваат историски константи со кои се соочуваме низ историјата и од кои, во поголема или помала мера, зависи реализацијата на македонското државотворно прашање низ историјата.

Се разбира, историските моменти во кои постои задоволителен сооднос меѓу овие три фактори не се случуваат секоја година, па ниту секоја деценија.

После Илинденското востание 1903-та кое завршува трагично и со долгорочни последици по националното и државотворното движење, следната прилика се укажува дури со отпочнувањето на II-та светска војна. НОВ е период во кој нашиот народ ја почувствува својата

историска шанса, почувствува дека се наоѓа на правата страна во тој голем светски судир и дека е создадена можност за реализација на националниот стремеж за своја држава. И сосема јасно, ако не се случеше АСНОМ 1944-та, ништо што е наше достигање денес не ќе беше можно.

Почетокот на оваа деценија создаде еден сосема нов глобален амбиент: прекинување на студената војна и блоковската поделеност, поместување на сферите на влијание, демократизацијата и економските реформи како главна преокупација на земјите од Источна и Централна Европа. Од друга страна, се создадоа сосема нови меѓусебни односи во поранешната југословенска заедница кои водеа кон неминовен распад и конфронтација.

Се создаде повторно еден историски момент кој од една страна значеше голема шанса, но во исто време и голем ризик доколку се избере погрешниот пат.

Паралелно со создавањето на политички структури и платформи кои се ставија во функција на искористување на создадената можност за заокружување на државноста, се

активираа и сите, од историјата добро познати механизми од надвор и од внатре, со една единствена цел - оневозможување на реализацијата на таа шанса. Тоа го правеа понекогаш затскриено, а понекогаш и сосема отворено.

Во секој случај би сакал да акцентирам една основна базична карактеристика во целиот овој период. А тоа е свеста, зрелоста, определбата и решителноста на огромното мнозинство, на главната матица на Македонскиот народ и на граѓаните кои живеат во Република Македонија, од што произлезе јасна и заокружена политичка платформа.

Кои беа најзначајните, основни, би рекол стратешки цели:

1. Создавање на независна меѓународно призната држава.

2. Внесување на Република Македонија во европските интеграции како наша долгорочна определба.

3. Проекција на демократска, политички стабилна и економски просперитетна држава.

4. Сочувување на мирот и како цел, но и како најдобар начин да ја сочуваме и развиваме државата. Во секоја војна на Балканот, Македонија била најголемиот губитник.

5. Зачувување на националниот идентитет.

Кој беше патот кој го избравме за да ги оствариме претходно наведените цели:

1. Изградба на Република Македонија како држава со граѓански уставен концепт, каде основен носител на суверенитетот е граѓанинот.

Овој концепт ниту го негира, ниту го намалува историскиот факт дека Република Македонија е држава каде Македонскиот народ го задоволува својот историски стремеж за создавање национална држава.

2. Постојано и трпеливо реформирање на политичкиот и економскиот систем во Република Македонија, се додека не ја направиме држава која ги задоволува нормите и стандардите на Европската унија како неопходен предуслов еден ден и самите да станеме член на тоа семејство.

3. Развивање на принципот на соживот, на меѓунационална толеранција, почитување и уважување.

4. Ја избравме политиката на подеднакво изразена добра волја за соработка и пријателство со сите наши соседи. Притоа, не дозволивме никому привилегиран статус во Република Македонија, но исто така, не

дозволивме априорен негативен однос кон било кого. Овој пристап кој во нашата политичка пракса го доби името еквидистанца, ниту е конзервативен, ниту е дефанзивен. Напротив, тој овозможува и моментална и перспективна рамнотежа на односите и интересите на сите балкански држави од една страна, а од друга страна, целосна сувереност и независност на Република Македонија и избегнување на опасноста од разни регионални поврзувања или асоцирања.

**Почитувани пратеници,**

Зошто по повод оваа седница на која треба да се расправа за ратификацијата на Спогодбата потпишана помеѓу Република Македонија и Република Турција, почувствував потреба да направам еден ваков вовед?

Затоа што сметам дека е неопходно оваа Спогодба да се третира не само како акт сам за себе, туку дека треба постојано да се има предвид историскиот контекст на настаните, но исто така водејќи сметка дека овој чекор е само едно парче од сложениот мозаик на една целосна заокружена политичка платформа со јасно дефинирани и прецизни цели и методологија за нивно остварување.

Оваа политичка платформа беше промовирана пред 3-4 години, во целиот овој период беше поддржувана од граѓаните на Република Македонија, доби убедлива верификација на последните претседателски и парламентарни избори, но што е уште позначајно - го положи тестот на времето како тест пред најдобриот судија.

Оваа политичка платформа од самиот почеток се судри со политички концепции за кои, уште во тоа време мислев, а денес сум дефинитивно убеден, дека во еден помал дел беа погрешни, а во еден поголем дел штетни и директно вперени против националниот интерес на Македонскиот народ и воопшто иднината на Република Македонија.

Да се потсетиме на некои од основните настани - меѓници во последниве години.

Се определивме втемелувањето на независноста на Република Македонија да го оствариме на начин кој нема да остави ни тропка сомнеж дека зад тој чин стои општо изразената волја на народот и на начин, кој од аспект на легалитетот и легитимитетот, никој не може да го оспорува. Со други зборови, се определивме за изјаснување на граѓаните на референдум, а потоа основа на таквиот

легитимитет, донесување устав на самостојна и независна држава.

Да се потсетиме на аргументите, ако може така да ги наречеме, на оние политички сили кои се спротивставуваа на овој пристан.

За Референдумот беа против и велеа дека нашиот народ не е доволно зрел за да ја донесе вистинската одлука. Политика која се води во името на народот, а во исто време се сомнева во определбите на истиот народ е осудена на пропаст. Резултатите од Референдумот беа: 95 % од излезените граѓани го дадоа својот глас ЗА самостојна и суверена Република Македонија.

Беа против донесувањето на Уставот на Република Македонија во кој таа се дефинира како самостојна и суверена држава се до последниот момент, организирајќи масовни протести за да го оневозможат истиот.

Во тоа време, во нашата земја се уште беше присутна ЈНА. Претседателот на Републиката низ преговори, по мирен пат постигна согласност за заминување на ЈНА (Договор Глигоров- Аџиќ од 21.02.1992год.). Овој договор од страна на истите политички сили беше оквалификуван како предавство, бидејќи се дозволило заминување на ЈНА

заедно со оружјето. До ден денес немаме од нивна страна слушнато која и колкава ќе беше цената што ќе се платеше доколку се постапеше поинаку, така како што тие предлагаа.

На сите оние кои сакаат да докажат дека нашата политика во овој период била, како што велат, политика на постојани отстапки пред притисоците и притоа занемарувајќи ги виталните национални интереси, би гц потсетил на Декларацијата на Европската заедница од Лисабон, 27 јуни 1992 година, каде за признавањето на нашата држава беше поставен условот : "со име кое нема да го вклучува терминот Македонија".

Оваа декларација и покрај свеста дека зад неа стои најмоќната групација во Европа и една од најмоќните во светот - Европската заедница, од наша страна беше категорично отфрлена. Со текот на времето, самата Европска заедница отстапи од оваа декларација.

По упорното и долготрајно потврдување, убедување и докажување, во април 1993 год. се создадоа предуслови за историски исчекор од 7 милји - прием на Република Македонија во Организацијата на обединетите нации. Со тоа се оствари сонот на повеќе генерации - да имаме своја

држава која ќе биде рамноправна членка на Меѓународната заедница.

И наместо овој настан да биде протолкуван онака како што единствено може - како пресвртница во нашата повеќе вековна историја, како дефинитивен прелом на светот во однос на Македонското прашање, носителите на алтернативната политичка концепција излегоа со тезата дека е тоа пораз, дека со тоа се закопува македонскиот национален идентитет, дека заради начинот на кој ни се обраќаат во Организацијата на обединетите нации е изгубено името на нашата држава.

Ако приемот во ООН може да се смета за нечиј пораз, тогаш тоа единствено може да бие пораз на основната политичка опција.

Двеипол години, се разбира, не е којзнае колкав период, но сепак е сосема доволен да ми даде за право да го поставам прашањето:

Дали денес, споредбено со периодот од пред приемот во ООН, се чувствуваме помалку Македонци или напротив имаме многу причини, како народ и како држава што си го обезбедија местото во меѓународното семејство со далеку

поголемо достоинство да го градиме и развиваме нашиот национален идентитет.

Дали положбата околу одбраната на нашето уставно име е подобра денес кога сме членка на Организацијата на обединетите нации, на Советот на Европа, на Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка, кога е прашање на денот на полното членство во Организацијата за безбедност и соработка на Европа и Партнерство за мир, кога имаме целосни дипломатски односи со 57 земји, а со повеќе од половината од нив под уставното име, или пак некој мисли дека битката за зачувување на уставното име полесно ќе ја водевме како меѓународно изолирана "недефинирана територија".

**Почитувани пратеници,**

Веќе претходно напоменав, дека едно од најважните прашања за нас е регулирање на односите со соседите. Впрочем, тоа прашање е од исклучително значење за секоја држава, но во нашиот случај и со нашето историско искуство, тоа дополнително добива на тежина. Вам ви е добро познато дека во подолг временски период од

четирите наши соседи имавме воспоставено дипломатски односи со два: Република Бугарија и Република Албанија.

Со другите две соседни држави не само што немавме воспоставено дипломатски односи, туку едната од нив - Република Грција, со својот однос стана главна пречка за побрзото меѓународно етаблирање на нашата држава.

Дозволете мало хронолошко потсетување на позициите што во однос на Република Македонија ги имаше нашиот јужен сосед во овој период.

Почетната позиција беше дека Република Македонија не треба да биде прифатена од меѓународната заедница како посебна, самостојна држава бидејќи .таа нема да опстои и нејзиното признавање ќе предизвика дестабилизирање на целиот регион. Подоцна, откако реалниот живот на најдобар начин ги демантираше овие претпоставки, се зазеде следната позиција - нема нормализација на односите со нашата држава се додека не биде променето уставното име на нашата држава и тоа на начин кој нема да го содржи зборот Македонија, понатаму, да се промени Уставот и знамето на нашата држава.

Како форма за притисок за исполнување на овие услови таа воведе две ембарга. Едното - економско, со целосно затворање на нашата меѓусебна граница, и второто - политичко со оневозможување на нашето интегрирање во меѓународните организации и институции каде Грција е членка и каде се одлучува со консензус.

Херметичкото затворање на границата се случи на 16-ти февруари минатата година - значи полни 20 месеци. Штетите кои притоа ги претрпевме се навистина огромни. Тие можат да се прикажат во стотици милиони американски долари, во повеќе десетици затворени капацитети, во илјадници изгубени работни места.

Но од друга страна, ништо така силно не ја потврди решеноста и виталноста на нашата држава како тоа ембарго. Ги срушивме сите црни прогнози за тоа дека под такви услови не ќе можеме да издржиме ниту 3 месеци, дека ќе се соочиме со празни продавници и енергетска криза, дека ќе се случи целосен распад на економскиот систем и социјално стампедо кое ќе не примора да ги прифатиме поставените услови.

Токму непотклекнувањето пред ова ембарго ги разубеди и последните скептици и дефинитивно го потврди сознанието дека се работи за втемелена и организирана држава и дека не останува ништо друго туку барање на излез од спорот по пат на дијалог.

Почитувани пратеници,

Кога постои спор меѓу две држави, нема друг начин за негово надминување освен низ договор да се најде излезно, спогодбено решение.

Грешат оние кои тврдат дека има друг начин - по пат на војна. И во тој случај повторно на крајот, како што гледаме на примерот од Босна треба да се седне на маса и да се преговара. Само што овој заобиколен пат има поскапа цена, се мери со стотици илјади изгубени човечки животи, милиони луѓе без покрив над главата, разрушени градови

Како резултат на повеќемесечните напори од претставниците на двете држави и со драгоценото посредништво на Обединетите нации и Соединетите Американски Држави, се дојде до согласноста која на 13 септември во Њујорк беше потпишана и која денес се наоѓа пред вас за ратификација.

Меѓутоа, пред да ја погледнеме содржината на текстот, пред да навлеземе во формулациите на поодделните членови, би ве замолил да обрнеме внимание на еден, од историски аспект исклучително значаен факт: со оваа согласност Република Грција ја признава независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија. Во историјата на односите меѓу две држави има плими и осеки, меѓутоа, само еднаш и никогаш повеќе не се случува настан од ваков карактер. Содржината на оваа согласност на најдобар начин ги демантира шпекулациите дека со овој договор се менува нашето уставно име или Уставот на Република Македонија.

Јасно се гледа дека името воопшто не било предмет на преговорите, ниту на самата согласност, а што се однесува до Уставот само уште еднаш ги повторуваме членовите и меѓународните норми за немешање во внатрешните работи на други држави.

Република Грција ја призна нашата држава под референцата со која на нашата држава и се обраќа Организацијата на обединетите нации - Поранешна Југословенска Република Македонија. Ова го повторувам

за да обрнете внимание дека во таа референца постои зборот Македонија.

Со оваа согласност и нејзино коректно применување се елиминира можноста од економско ембарго спрема Република Македонија сега и во иднина.

Но, не помалку важно е и симнувањето на политичкото ембарго - односно со оваа согласност се отвораат вратите на меѓународните организации ,и институции кои досега беа затворени заради спротивставувањето од страна на нашиот јужен сосед.

**Почитувани пратеници,**

Пред четири дена ова Собрание го донесе Законот за знаме на Република Македонија и со тоа на најдобар начин покажа дека од наша страна постои искрена волја за имплементација на оваа спогодба и уште повеќе за целосна нормализација и добрососедски односи.

Мислам дека оваа укажана шанса треба максимално да ја искористиме и да ги развиеме политичките,

економските, културните, научните и сите други односи бидејќи тоа е во интерес на двата народа и на регионот во целина.

Во целиот овој период во нашата држава меѓу нашите луѓе не се создаде ниту омраза, ниту нетрпеливост спрема грчкиот народ, како впрочем ниту против било кој друг народ. И тоа е еден голем почетен морален капитал за идните односи.

Република Грција е членка на Европската унија и на НАТО пактот. Наша стратешка определба е приклучување кон овие структури. Се надеваме дека Република Грција, не само што ќе се согласи, туку дека ќе биде и главниот промотор на тоа наше интегрирање.

По мое длабоко убедување нашата интеграција е интерес и на самата Грција и на регионот во целина.

**Почитувани пратеници,**

Во повеќе наврати сме изјавувале дека меѓу нас и Сојузна Република Југославија не постојат спорни прашања или барем не од таков карактер кои би не попречувале да пристапиме кон меѓусебно признавање и целосна нормализација на односите. Она што како одгласи

имавме прилика да ш слушнеме е дека и од страна на нашиот северен сосед не постојат поголеми пречки, но дека се очекува разрешувањето на спорот помеѓу Република Македонија и Република Грција. Оттука, ако се работи за искрени изјави, а немаме причини априори да се сомневаме, тогаш оваа согласност во исто време го отвора и патот за целосно регулирање на односите и со нашиот северен сосед - Сојузна Република Југославија. Впрочем, и средбата меѓу Претседателот Глигоров и Претседателот Милошевиќ одржана минатиот понеделник даде за право дека овие очекувања се сосема реални и брзо остварливи.

**Почитувани пратеници,**

Веднаш по потпишувањето на оваа согласност изјавив дека без разлика на проблемите кои и во иднина ќе ги имаме, можеме да речеме дека еден од најтешките периоди за овој народ е веќе зад нас.

Успеавме да го сочуваме мирот и стабилноста, успеавме да се избориме за меѓународно признавање на државата, успеавме скоро целосно да ги регулираме односите со соседите, успеавме да го издржиме ембаргото и санкциите, успеавме да го спроведуваме Stand-by

аранжманот што е верификација на економските реформи, успеавме да станеме членка на Советот на Европа што е верификација за политичките реформи;

Со еден збор - успеавме да дојдеме до излезот од тунелот низ кој поминувавме.

Тоа беше можно заради фактот што од самиот почеток имавме јасна политичка платформа **што** сакаме и **како** тоа да го оствариме.

Тоа беше можно заради фактот што зад таа платформа застана **народот**. Но исто така, тоа беше можно затоа што **го имаме за Претседател Киро Глигоров.**

На 3-ти октомври 1995 година се случи настан кој без сомнение ќе влезе во колектив1ното паметење на повеќе генерации - **атентат на Претседателот на Републиката**. Атентат на, според Уставот, институцијата која го симболизира суверенитетот на државата, атентат на личноста со која се идентификува политичката платформа за која претходно зборував и со која се тесно поврзани сите досегашни успеси и сите отворени перснпективи. И тоа, токму во моментот кога таа политичка платформа на најдобар начин се валоризира и кога доживеавме Република Македонија - држава за која до пред неколку

години малкумина нешто повеќе знаеја, да се посочува како позитивен пример. Или можеби, токму заради тоа, во тој момент.

Теоретичарите велат дека теророт се јавува тогаш кога станува целосен пораз на политичките опции. А Киро Глигоров својата политика во изминативе години навистина порази многу политички опции. Ја порази со векови присутната опција за непостоење на Македонскиот народ; ја порази опцијата која беше насочена кон оневозможување на постоењето на Независна Република Македонија; ја порази опцијата која заговараше војна. Ја порази опцијата за меѓунационално разграничување и гетоизирање. Ја порази опцијата на бесперспективност и свртеност кон минатото, наместо кон иднината.

Која била намерата на оној што го смислил овој заговор сосема е јасно видлива кога ќе погледнеме со што Киро Глигоров и во народот и во светот се идентификуваше.

Со други зборови јасна е целта: да се предизвика дестабилизација, хаос, враќање назад...

Каде планерите на овој гнасен чин погрешија? Токму каде што и секогаш досега грешеле непријателите на овој народ - во проценката на неговата колективна свест и зрелост.

Имено, не е Киро Глигоров Претседател кој наметнува своја политика, спротивна на определбите на својот народ, туку напротив, државник од голем формат кој добро го чувствува пулсот и стремежот на народот и кој знае на најдобар начин да го синтетизира тој стремеж во соодветни политички одлуки.

А тука бомби не помагаат. Потребни се многу бомби за да се отстранат 2 милиони луѓе.

Претседателот Глигоров се опоравува на Хируршките клиники при Медицинскиот факултет и би сакал да ја искористам оваа прилика и сите заедно да му посакаме што е можно побрзо враќање на претседателските должности.

(Бурен аплауз).

Но исто така, би сакал да/ја искористам оваа прилика и да ве информирам дека институциите на државата функционираат, по овој настан дури и помобилно, дека Република Македонија е држава со здрави темели, дека имаме јасен курс од кој нема отстапување и дека имаме и доволно волја и доволно умеење да ја водиме државата кон реализација на основните национални и државни интереси.

**Почитувани пратеници,**

Би сакал да го завршам ова мое обраќање до вас со омиленото мото на нашиот Претседател Глигоров:

**"Македонија е се што имаме.**

**Се за Македонија ".**

II/1. -ДВ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот на Владата г-динот Бранко Црвенковски за неговото уводно излагање.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Почитувани колеги, почитувани членови на Владата.

Јас излегов да кажам збор - два околу оваа спогодба која е многу важна за Република Македонија. Спогодбата доаѓа во моментот кога сите меѓународни фактори се ангажирани кризата на просториите на бивша Југославија да се реши по мирен пат, со политички средства, без употреба на сила. Ваквите иницијативи треба да се поздравуваат од сите балкански држави.

Владата и Парламентот на Република Македонија со проблемот инициран од страна на Република Грција се занимава долго време, дури после прогласувањето на независноста на Република Македонија. Но, сите ангажирања на македонската дипломатија во разрешување на спорот со Република Грција не дадоа солидни резултати. Тоа се потврдува со потпишуваше на овој акт што денес Парламентот треба да го усвои, по четиригодишен спор со Република Грција. Сите ние треба да бидеме реални и да не настојуваме на тоа да создаваме дилеми дека имаше друга алтернатива за излез од настанатата ситуација со Република Грција. Но, постои дилема околу тоа колку државните органи сериозно го сфатиле овој проблем во рамките на надворешната политика, со цел да се постигне барем минимум подобро решение.

Определбата на Владата и Парламентот да ги решаваат сите проблеми по мирен пат и со демократски средства, во согласност со

меѓународните акти, вклучувајќи ги тука и внатрешните проблеми, заслужува секаков почит, ако е така и сите граѓани треба да и дадат поддршка на една ваква политика, .без разлика на национална и верска припадност. Но, фактите зборуваат друго. Во однос на внатрешното регулирање на овие проблеми.

По воведувањето на повеќепартискиот систем внатрешната политика ни за минимум не се изменила, што се однесува до меѓунационалните односи. Дискриминаторската политика продолжува со поостар интензитет, преку усвојување на многу закони против интересите на немакедонците. Стабилноста и мирот на една држава не зависи само од добрите односи со соседите.

Со потпишувањето на Спогодбата со Република Грција, во конкретниов случај, а во тој конкретен случај еден од главните фактори за перспективата на државата е и потпишувањето на една друга, можеби, поважна спогодба, со' Албанците, со која би се решиле многу отворени проблеми од внатрешен карактер. Да напоменам и тоа дека оваа спогодба не би имала импликации за македонскиот народ, како ова сега за Република Грција, само треба тука да постои степен на разбирање и политичка клима за која јас сметам дека одговорноста е кај пратениците и кај Владата. Ние Албанците не ја прифаќаме политиката на диктатор, како што го направи Република Грција, ниту имаме такви апетити нашата иднина да ја градиме на штета на другите народи или нашата среќа да ја гледаме во туѓа несреќа. Ова е покажано со многу историски факти, господа. Токму од овие причини денес сме распарчени по многу држави, помагајќи на другите да стекнат независност и да формираат држави, почнувајќи од балканските војни се до денес, а сега ние не можеме да ги оствaруваме основните човечки права. Голем број од нашите во своите вековни огништа не можат да добијат државјанство и се сметаат како странци. Еден број се сметаат непожелни и немаат

право на вработување. Се уште се прогонуваат политичките затвореници, дури и со поперфидни методи. Почна и аферата со депортирање на поединци. Пред два месеци се случи тоа со Шефќет Асани.

Спогодбата со Република Грција јас ја сметам како неизбежен чин, бидејќи тука се интересите на големите сили кои бараат на овие територии да преовлада мир. За оваа работа истите инвестирале со присуство на мировните сили. Треба сите ситуацијата да ја сфатиме вака. Во тој поглед одговорност од страна на Владата треба да - следи од оние кои се креатори на оваа политика, во конкретниот случај во врска со Спогодбата.

Проценките за успехот или неуспехот за овој проблем им следува на историчарите да проценуваат кој е добитник во овој момент, или кој е губитник, или играта беше фифти-фифти.

Како израз на моето незадоволство со политиката на државните органи во внатрешен план и непокажувањето на интерес да ги решаваат поднесените барања за кои сметам дека јас се неопходни, јас нема да гласам за предлогот за донесување на законот за ратификација на времената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција, со Предлог на закон. Моето незадоволство е резултат на дискриминаторската осведочена политика кон Албанците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Комисијата за надворешна политика на Парламентот на Република Македонија на својата седница одржана на 4 октомври едногласно го

поддржа Предлог-законот за ратификација на привремената согласност меѓу Република Македонија и Република Грција и му препорача на Парламентот да ја усвои.

Ова ние не го сторивме само како членови на Комисијата за надворешна политика ниту само како претставници на политичките партии во Парламентот, ниту како природни институционални претставници на народот, туку како дел од тој народ, како граѓани на оваа земја. Сакам да укажам на фактот дека секој оној кој верува во мирот, стабилноста и просперитетот на оваа земја умее да го вреднува карактерот на оваа спогодба.' Притоа не треба да се ограничуваме само на природата на правниот документ, на текстот што стои пред нас, туку на она што е пошироко од самиот текст, на идејата, на импликациите, на политичките импликации што произлегуваат од овој текст, а тие се такви што не уверуваат дека ова претставува историски договор во кој, како што/веќе слушнавме од експозето на премиерот, Република Грција го признава постоењето на Република Македонија, нејзината независност и сувереност и исто така, историски документ за започнување на дијалог.

Сакам да истакнам дека овој договор претставува исто така и еден вид конечно функционално потврдување на далекосежноста, на визионерството и на функционалноста на концептот на еквидистанца за што исто така веќе стана збор.

Исто така сакам да потврдам дека принципот на рамномерно распоредување на нашето внимание и спремноста за соработка со сите соседи го покажува конечно својот резултат. Затоа верувам дека природата на овој документ е таква што кај сите нас ќе наиде на поддршка, а верувам, исто така дека во овој момент, кога нашите мисли се упатени кон претседателот Глигоров и неговото брзо оздравување и

II/5.-

враќање кон претседателската функција, нашата енергија е ставена во спрега на она што се вика мирно цивилизирано функционално одржување на институциите на системот, на она што се вика мир, стабилност и просперитет на оваа држава.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Дами и господа присутни во оваа сала. Јас ќе се осврнам малку со еден критички тон на времената спогодба со Грција со истакнување на некои моменти кои јас при анализа на истата и при следење на јавната расправа која се водеше по овој документ, мислам дека не беа истакнати и мислам дека е прилика сега да се истакне, бидејќи и во воведното излагање на премиерот во некоја смисла се слушаат тонови само за пофалба дека сме направиле максимум што сме можеле, а никако да слушнеме некои критички тонови за пропустите, слабостите кои ја следат ова,а дипломатија а воопшто и оваа Влада од конституирањето.

Спогодбата која е пред нас во целост го демантира експозето, докрај теоретизирано, без никакви податоци за суштината на истата изнесена од страна на првиот дипломат на државата пред овој Парламент, пред одредено време. Значи поентата ми е за експозето на министерот за надворешни работи.

Во своето експозе господин Црвенковски ја лансира и ја елабораше главната теза дека со оваа спогодба нема победени или изразено со јазикот на шахистите дека резултатот е реми. Дали е навистина резултатот реми, се поставува дилемата.

1. Кога ќе се анализира содржината на оваа спогодба, ќе се констатира дека слична или идентична содржина се нудеше на усвојување од воведувањето на грчкото економско ембарго кон

II/6.-

Македонија, значи скоро пред една година можеше истото да се постигне аналогно на она што и господинот премиер го кажа во своето излагање.

III/1.- СЈ/ЉР

**РУФИ ОСМАНИ**: (продолжение)

Сосема е јасно дека економски губитник е нашата држава бидејќи ако оваа времена Спогодба се усвојуваше при конституирање, ве молам, на овој Парламент немаше да имаме дополнителна блокада од 10 месеци во 1995 година која изразена со математиките на оваа Влада, подвлекувам, со математиките на оваа Влада, како што исто така изнесе г-динот Црвенковски, премиерот, тежи на оваа држава стотици милиони долариимногу затворени капацитети. Ќе се одговори дека и Грција претрпе штета особено на трговски план и во Солунското пристаниште. Тоа е точно, но при такво рамнение на работите треба да се истакне следното:

Прво, целта која ја постави Грција со економското ембарго ја оствари, односно ние го променивме знамето и дадовме гаранции за толкување на Уставот по Грчка желба што не може да се рече за нашите цели.

Второ, последиците за нашата економија од грчкото ембарго во однос на грчката економија се неспоредливи имајќи ја во предвид економската моќ на двете економии.

Значи, за задоцнување при прифаќање на оваа Спогодба која економски скапо ја плативме одговорноста е сосема комплетна и јасно лоцирана. Политички причини за неприфакање на истата ако псоееја во првиот Парламент истите причини веќе не постоеја во овој Парламент имајќи ја предвид постојната структура на Парламентот значи, се работи за погрешна процена односно субјективна на работите или некој можеби ќе рече за балкански инает, но која погрешна процена или балкански инает има скапа економска цена.

III/2.-

2. Кога ќе се анализира точка 2 од член 6 на оваа Спогодба која гласи: "Втората страна со ова свечено изјавува дека ништо од нејзиниот Устав, а особено член 49 не може и не треба да се толкува дека преставува или некогаш ќе преставува основа за мешање на Втората страна во внатрешните работи на друга држава со цела да ги заштити статусот и правата на лица од други држави кои не се државјани на Втората страна".

И, содржината на точка 3 која гласи: "Втората страна свечено изјавува дека толкувањата дадени во параграфот 1 и 2 од овој член нема да се заменат со поинакви толкувања на нејзиниот Устав".

Од друга страна член 49 став 1 од Уставот на РМ гласи: "Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив".

Кога ќе се споредат овие две работи по толкување на луѓето кои се правници и ги познаваат овие работи ќе се констатира дека се работи таксативно за правен преседан односно за ставање вон снага на дел од Уставот со овој закон без да се изврши претходна промена на Уставот. Односно, слободното толкување на оваа правна норма би значела: Македонија во согласност со овој член и меѓународните акти ќе се интересира за правата на македонците во Бугарија, Албанија и можеби во Србија, додека Грција ќе биде поштедена од ситите. Текстот на спогодбата го демантира во овој дел експозето на премиерот бидејќи кога јас го анализирам ова и го толкувам го имав предвид начелото читај како што пишува и пишувај како што читаш.

III/5.-

Имено, се поставува прашањето како Македонија ќе го покрене прашањето за заштита на македонското малцинство во Грција поправило или го Егејскиот дел од Македонија како што често пати се повторува во внатрешно комуницирање без притоа да не го повреди член 6 точка 2 и 3 од оваа Спогодба. Навистина лично за мене ќе биде интересно да се види од практичен аспект како сето тоа ќе се спроведе, а притоа да не се налути Грција.

3. Од Спогодбата произлегува дека првата страна е признава втората страна, прашањето е со кое привремено име. Јас лично не успеав да сфатам читајќи и на англиски и на македонски дека тоа име негде е напишано. Ова произлегува од фактот што во член 12 се барата со поимот СФРЈ односно со меѓународните акти кои се донесени во тоа време. Прашувам, дали Грција не признава под името во кое нашата држава е примена во ОН т.е. Поранешна Југословенска Република Македонија или не признава привремено како безимени како што јас ја сфатив оваа Спогодба бидејќи ако е како во првиот момент тогаш нема потреба да се спомне СФРЈ; туку да се спомне БЈРМ.

Значи текстот на Спогодбата во овој дел таксативно го демантира премиерот Црвенковски.

4. Прифаќањето на промената на знамето односно отстранувањето на симболот' на Вергина претставува двојна загуба.

1. Се изгуби наводниот континуитет кој одеднаш се откри помеѓу античките македонци и сегашните словенски македонци и дисконтинуитетот од скоро 1000 години и компромисот со знамето кој може би беше планиран почетокот не вроди со плод кога е во прашање името односно не се реализира прогнозата на актуелната власт дека со промната на знамето ќе се успее во зачувувањето на името. Значи, спомнатите нешта јасно потврдуваат дека загубата е еднонасочна и не

се работи за заховски реми како што гласно размислува првиот дипломат на земјата. Кога се работи за името на нашата држава јас ќе изнесам одредено размислување поткрепено со следните аргументи кои би требало да се имаат во предвид при наредно договарање за да се расчисти оваа дилема.

Имено, во светот постојат многу држави и народи, не сакам погрешно да бидам сфатен со двојни имиња, условно кажано, за внатрешна и надворешна употреба. За да б идам сфатен објективно ќе почнам со името на мојот народ и матичната држава, Албанија - албанци, надворешна употреба, Шипарија -шиптар, внатрешна употреба; Грција, надворешна употреба - Елас, внатрешна употреба; Германија, надворешна употреба - Дојчлан, внатрешна употреба; Унгарија, надворешна употреба - Мацаристан, внатрешна употреба; Кроација - Хрватска итн. (смеа во салата). Јас мислам ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, продолжете, продолжете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Добро, е добро, добро е да се има добра атмосфера. Значи, кога се има добра атмосфера, човек има апетит да зборува, нели така, инаку јас во досегашната практика

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете со говорот, ве молам, ајде.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само да завршам, бидејќи против многу смеење навистина е дискриминаторски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете вие.

III/5.-

**РУФИ ОСМАНИ:**

Значи, што ми е зборот, сакам да кажам дека при наредните договарање во врска со името на државата сигурно дека треба дека треба да се зачува името Македонија, но не би било никакво трагично да се прифати и некој суфикс или префикс, со тоа нема да бидеме и првите, ни последните двоименични во светот држави и народи. Тоа е мое лично размислување бидејќи се плашам постоечкиот договарачки тим ќе ги пролонгира овие разговори па можеби крајно ќе траат и 7 години, бог знае што. Значи поентата ние да бидеме прагматични и рационални.

Ако некој има заслуга за оваа спогодба, сигурно заслугата во никој случај не може да. се препише на актуелната дипломатија. Заслугата за оваа спогодба пред се, над се, припаѓа на американската дипломатија и сигурно треба на истата да и бидеме благодарни и за оваа Спогодба со оваа содржина бидејќи токму во воспоставувањето на дипломатски односи со САД и присуството на нивните вооружени сили на нашите граници се најголемите придобивки на оваа Спогодба кои моменти беа претходница, односно последица на оваа Спогодба и ќе влијаат многу позитивно во стабилноста во државата од надворешна гледна точка што претставува, сите се согласуваме, приоритет над сите приоритети.

Пор разрешување на проблемот со Грција ќе остане на површина вистинскиот проблем кој постои во оваа држава а се однесува на нерешеното албанско прашање во Македонија. Можеби во посмирена атмосфера и економски попријатен амбиент, како што честопати истакнуваше актуелната власт пред надворешните фактори ќе се покаже добра волја и ќе се направи македонско - албанскиот компромис договор за внатрешно уредување на заедничката држава како предуслов за нов развој без кој ризикуваме секогаш декларативно да бидеме со Запад и

Европа, а дефакто бидеме длабоко и вечно во Исток од каде што ни се и корените.

Имајќи во предвид дека оваа Спогодба е спонзорирана од Запад истата ја поздравувам како рационален потез, но со голема забелешка за големото временско задоцнување, кое задоцнување остави тешки економски последици за кои некој мора да ја сноси одговорноста. (реакција во салата), богами, нема тие да ги платат нашите загуби, сигурно.

Во последните настани во врска со атентатот врз првиот човек на Државата, прифаќањето на оваа Спогодба со која јас но падна на испит актуелната дипломатија, а имајќи ја предвид и тешката економска состојба и проблемите со приватизацијата, мислам дека морална обврска е на големата владина коалиција да покрене иницијатива за реконструкција на Кабинетот на премиерот Црвенковски особено во следните сектори: внатрешни работи, дипломатија, економија, приватизација и образование. Значи е време за соочување со одговорноста која е сосема очигледна сходно на Владината девиза, ве молам, за незадоволителни резултати јас никако да слушнам во експозето на премиерот и при други обраќа на особено во овој случај дека некој треба да сноси некаква одговорност. Се чини дека одговорноста е лоцирана на сите други места само не во егзекутивата.

Ќе завршам, потребно е да го менувате тимот кој губи г-динот Црвенковски бидејќи ризикувате да бидете кормилар на тимот кој брои само порази во континуитет.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Биљали.

III/7.-

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Не излегов тука за да се произнесам за или против Предлог законот за ратификација на привремената спогодба помеѓу РМ и Република Грција, сметам дека без дилема спогодбата треба да се прифати и поддржува уште повеќе кога веќе фактички имаме одделни последици и правни и политички, имено тука е веќе усвоен законот за знамето на РМ, а од друга страна Грција веќе покажува добра волја да не го попречува приемот на РМ во Советот на Европа, туку излегов за да изнесам некои, според мене, важни прашања првенствено од правна и политичка природа кои прашања се тесно поврзани и за оваа спогодба односно Предлог законот за ратификација на оваа привремена спогодба.

Прво прашање е прашањето, како комуницира власта со јавност што според мене е многу важно прашање. Во комуникацијата со јавноста посебно за деликатни прашања, значи за чувствителни прашања се чини дека немаме токму правилен пристап така што без основа некои најобични работи се издигнуваат на ниво на национално достоинство а тоа значи дека фактички однапред ги врзуваме сопствените раце така што секој чекор кој наводно е вперен против такво наводното национално достоинство се дочекува на нож, односно се предизвикуваат политички поткрепи јавно незадоволство итн.

Морам да кажам дека нашиот речник се уште е бескомпромисен кој го исклучува секој можен опортунитет, секое можно опортуно решение што е стандардно во комуникацијата. Сметам дека комуни- кацијата со јавноста не може како таква да се оправдува дури и со оправдувањето дека треба да ги стекне поволни односно поголеми преговарачки позиции и позиции на преговорите со другата страна.

III/8.-

Затоа што мислам дека тоа може да се направи на поинаков начин односно поелегантно и никако со речник на исклучивост на можното сто се очекува и како со речник на крајност затоа што тоа се рефлектира како бумеранг во понатамошните односи.

Имено, мое мислење е дека во слични ситуации можеби и понатаму треба првенствено не да се повикуваме во некое национално достоинство туку пооправдано ќе биде да се повикуваме на одредени начела на правото, посебно на меѓународното право иако сакате да се повикуваме и на начелата на меѓународната политика, а никако на некое имагинарно национално достоинство.

При комуницирањето често мислам дека и во внатрешно политичките односи се чини дека сепак се користиме со начин на исклучивост. Така на пример, ако се враќаме назад врз анализа на некои постапки за донесување на некои општи правни акти важни како што е Уставот, за одредени политички постапки итн. меѓунационални односи, за граѓанска рамноправност, правата на човекот итн. сметам дека сепак се чини дека поаѓаме од тоа дека овие прашања се максимално, наводно максимално усовршени, дека промените не се потребни дури промените се сатанизираат а односите реално се менуваат, а штом се менуваат тие претставуваат императив дека сепак треба да отстапува одредени решенија кои сме ги прогласиле или идеализирале. Сепак ќе имаме политички потреси, незадоволства итн.

Второ, иако можноста за интервенција врз текстот на Спогодбата е невозможна од самата природа на текстот односно договорите се сервираат на Парламентот на наши земји или остави, сепак мое мислење е дека некои прашања треба да се поставаат и по можност за тие прашања да се изнајдат одредени решенија.

III/9.-

Во членот 21 став 2 од Спогодбата, односно од привремената Спогодба стои дека "за можните евентуални спорови помеѓу странките, значи Република Македонија и Република Грција, а кои спорови се однесуваат во толкувањето и спроведувањето на Спогодбата странките треба да се обратат до Меѓународниот суд на правдата". Тоа не е практика кај повеќе меѓународни договори затоа што постапката пред Меѓународниот суд е долготрајна, доста комплицирана и доста скапа.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Постојат предмети кои што пред меѓународниот суд на правдата се одолговлечени други 5 години. И тука се поставува прашањето дека може да се инсистира на друго дополнително решение затоа што повеќе двострани или мултилатерални договори, претходно, пред да се обратам до меѓународниот суд на правдата тие предвидуваат определени други механизми со кои механизми поедноставно се решаваат прашањата било кои се однесуваат на толкувањето или на спроведувањето на спогодбата. И тука имаме специјална арбитража, составена врз основ на спогодбата од двете страни, заедничка комисија, експертска заедничка група, добра услуга понудена од трети држави или трет субјект итн. и затоа е поекономично , и во покусо време може да се решава прашањето итн., отколку да се оди пред меѓународниот суд на правдата, кој тоа е доста комплициран.

Мислам дека ова може да се постави како дополнително прашање и не мора да се ратификува затоа што не навлегува во суштината на текстот, туку ја одредува само постапката за решавање на можните спорови во врска со толкувањето и споредувањето на наведената спогодба.

Во членот 23 се наведува дека Привремената согласност стапува во сила 30-тиот ден од потпишувањето од страна на претставниците на државите што ја склучуваа таа спогодба. Ваквата формулација како што стои, практично значи суспендирање на парламентот затоа што, априори не може да се дознае дали парламентот ќе ја прифати Спогодбата или не. Теоретски на пример можно е парламентот да не ја прифати спогодбата. Во сите меѓународни договори јас мислам дека се инсистира во рокот за Ратификација на спогодбата, а исто така и во рокот на ставање на дневен ред за ратификација на спогодбата, а не ваква формулација, која фактички претпоставува дека воопшто не постои

парламент или однапред знаеме парламентот ќе ја изгласа.

И на крајот вака во врска со тоа кој добива а кај губи, јас мислам дека никој не добива, никој не губи. Напротив добива мирот. Добива соработката, добива комуникацијата, безбедноста, довербата и тн. Единствено нешто ако е изгубено мислам дека може да се разговара во врска со времето, односно. со право може да се постави праша- к>ето дали ова не можело да биде порано направено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ;**

Почитувани пратеници морам да кажам дека македонското стопанство е официјално блокирани од југ и од север, и тешко проодно од исток и запад, бидејќи преминувањето на овие граници е со задоцнување односно чекање на границите по неколку дена а и тоа е еден вид блокада. Под вакви/блокади стопанството не може да функционира, падот на производството е голем, а социјалната тензија е уште поголема. Со склучувањето на Спогодбата оваа граница ќе се деблокира и можноста за работа на стопанството ќе биде поголема, а исто така ќе дојде и до попуштање на притисокот на преминот на другите граници.

Не треба да заборавиме дека границата со Грција е единствената граница на Македонија со Европската Унија, а целокупната западноевропска опрема што е во нашата држава, Грција ќе им биде на располагање за снабдување и со резервни делови и репроматеријали.

Цената на загубите во стопанството поради блокадата е голема, но ќе биде уште поголема ако блокадата продолжи.

Согласно за зајакнување на економските односи на сите полиња, согласно за соработка на полето за вложувања на капитал, согласно за соработка меѓу малите и средни компании и претпријатија, согласност за

подобрување на научната и техничката соработка, тоа се елементи што ги нуди оваа Спогодба. А сигурен сум дека ние стопанствениците знаеме тоа да го искористиме во интерес на нашето стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пред се би сакал да се осврнам само дискусијата со еден збор на господин Османи, цитирајќи го еден грчки поет Никос Сенгонополус кој вели:"Ве молам не шегувајте се ова е Балканот". Што се однесува до Спогодбата, исто така би искажал некои мои лични видувања. Пред се Спогодбата е потпишана од една држава односно две држави што се наоѓаат на Балканот. Балканот, кој што за многу, повеќе во свеста постои како проблем отколку како регион. Дури ако сакате од 50-тите години наваму за Балканот се сметаше дека е многу тих, дури премногу тих, и дури постоеше една тенденција да го нарекуваат југоисточна Европа. Во последно време, сите знаеме дека почна да се зборува за Балканот и не случајно. Затоа што кога зборуваме за Балканот и за судбината на Македонија, излегува- ат два значајни елементи поврзани со еден збор тиранија, тиранија на Географијата и тиранија на историјата. Зашто го зборуваме тоа? Затоа што во многу гел политички и аналитички расправи, знаете, Балканот беше третиран како една врата на Блискиот Исток, раскрсница низ кои поминуваат значајните коридори. Дел од тие коридори поминуваат низ нашата сегашна држава. Меѓутоа, Македонија, слободно можеме да ја наречеме како еден мал деополитички скандал, затоа што ретко на картата на Европа ќе најдете еден толку мал простор за кој што постоел толку голем интерес на големи, мали и средни сили.

IV/4.-

Од друга страна знаеме дека историјата која што од еден историски аспект објасни премиерот во својот реферат, не ни беше наклонета. Затоа потпишувањето на Спогодбата всушност е проценка од реал политичките аспекти. Сите оние кои што сметаат дека Македонија можеше да тргне во поинаква опција односно да избере поинаква опција, или доволно тие не ја разбираат реал политиката на Балканот или пак имаат одредени авантуристички амбиции.

Пред се, Спогодбата, според мене претставува еден од неколкуте значајни датуми во историјата на Македонија односно кај мене ги изедначувам и со знаењето на референдумот и со значењето на влегувањето на Македонија во Обединетите нации. Таа Спогодба, не е туку така една случајност. Туку, таа е само еден континуитет на внатрешната политика. Знаеме дека во секоја надворешна политика, секоја дипломатија исто така се потпира врз внатрешната политика. Меѓу внатрешната и надворешната политика постои еден континуитет. А онаа внатрешна политика која поаѓаше од дијалогот, од толеранцијата, од взаемноста, од заедничкото почитување итн., мораше на надворешен план исто така да резултира со една таква концепција која што се изразува преку дијалогот, преку толеранцијата, преку взаемната соработка, или ако сакате преку анимација на оние вредности што пред нас ги афирмира европската идеја, европскиот дух. Јас не би сакал да се навраќам на тоа кој е сега победник или поразен, бидејќи сите сега сме оптоварени со тоа. Јас мислам дека нема губитници во овој спор. Нема губитници во оној спор кој што го нарекуваат спор на семантиката и на симболиката. Знаете, семантично симболично е спорот меѓу Македонија и Грција. Повеќе би зборувал дека се работи за победници, победник е големата европска идеја. Меѓутоа, ако гледам од мој аспект, бидејќи секој дијалог, секоја толеранција претпоставува да не се смалува вредноста на оној со кој што дијаголизирате меѓутоа од мој личен аспект

јас ќе кажам дека победник е македонската дипломатија. Зошто го велам тоа? Всушност ние го дадовме симболот, а го задржавме името. Ние всушност го задржавме името и ние сме Македонци. Мислам дека тоа е онаа формула што можеме отворено на сите да им ја кажеме, но исто така и нашиот сосед не е губитник, затоа што успеа по една афирмација на еуфоријата на национален план исто така да потпише еден договор со кој што ќе успее на внатрешен план исто така да ги среди своите проблеми.

Од друга страна би сакал да истакнам дека Македонија во оваа своја надворешна ориентација појде сосема независно како држава која што можеше да се експонира и ќе се експонира благодарение на оваа спогодба на меѓународен план. Веројатно, вие знаете, сите сме свесни дека постојат и големи противници на оваа спогодба, особено тоа се манифестира како што гледате и со атентатот врз претседателот на Републиката, мислам дека уште еднаш треба да ни стане јасно дека целиот оној епски, фолклорен аспект на сите авантуристи кои што станаа против оваа спогодба или кои што велат дека Македонија е предадена, не се во право. Тие може да си играат овде врз чувствата на народот, врз патриотските чувства, да се заведуваат луѓето, меѓутоа, реалноста е таа. Европа денеска повеќе не поднесува таков вид на отворени прашања кои и натаму ќе стојат врз нејзината совест. Навистина не можеме да кажеме дека Европската Унија беше победникот, туку тури таа и затаи во еден момент, а затаи заради тоа што не беше во состојба сама да го реши проблемот, проблем кој што е типично европски, но исто така не можеме да кажеме дека Европа сепак, не придонесе во разрешувањето на тој проблем. За таа цел сметам дека уште еднаш истакнувајќи го значењето на оваа спогодба, дека можеме да бидеме достоинствени и со почит да се однесуваме кон оваа спогодба и кон сите можности што таа ни ги пружа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Уважен господине претседателе, уважени господа пратеници, со внимание го ислушав експозето на господин премиер, со внимание го ислушав и искажувањето на господин Нано Ружин, како и некои други излагања. Многу работи од тоа што имав намера да ги кажам, веќе се искажани и можеби тоа што ќе го кажам да биде само варијација на иста тема, но сметам дека е неопходно и дека е нужно да се каже со оглед на една очигледна и друга ситуација, а имено таков е мојот впечаток, а по обичај, впечатоците ретко ме лажат. Тука сепак се чуја, од ова место и од оваа говорница извесни ведри тонови,пропиени или проникнати со една видлива доза на зајадлива иронија и тоа во време кое /бара пред се, сериозност и одговорност. Во името на сето тоа сум должен да го изговорам тоа што имам да го кажам, иако на еден начин беше јасно формулирано во излагањето на господинот премиер, односно и на некои други излагачи.

Во излагањето на господинот Стево Црвенковски, на онаа седница пред да замине на преговори во Њујорк беше соопштена ваква реченица, ја наведувам по сеќавање "Потребна е храброст, рече тој, некои услови од Спогодбата која планира да ја потпише Владата, да ги прифати овој Парламент. И не само Парламентот, туку и јавноста, и не само јавноста, туку и Република Македонија, сите граѓани на Република Македонија во целост".

Спогодбата како и секоја спогодба предвидува некои от- стапки од страна на Република Македонија, со простиот факт што не може да се постигне никаква спогодба ако и двете страни останат или остануваат упорно цврсто, непопустливо на некои позиции, макар и фиктивно.

IV/7.-

Република Македонија согласувајќи се да отстапи по однос на знамето стори многу. Внесе огромен влог во нормализација на грчко - македонските односи, според зборовите на социологот Славко Милосавлевски и тој тие зборови ги соопшти уште пред да биде потпишана оваа спогодба. Со тоа практично Република Македонија и помогна на грчката актуелна политика да го смири своето јавно мнение, која самата го вознемири, самата го доведе до афектна и иритантна состојба и самата стана, да се изразам сликовито, заробеник на тоа јавно мнение. Со тоа Република Македонија и помогна не само на актуелната грчка власт туку и на Европската политика, на Светската политика, која што како добро знаеме се труди на начин на кој може и со средства со кои може да воспостави мир на Балканот, кога ете ние самите, не сме во состојба мирно и разумно да живееме на овој Балкан таков каков што е.

Дали за тоа, нема сомнение, голем влог, Македонија доби исто толку, доби приближно толку или пак доби толку колку што треба, иако тоа се работи што не можат да се мерат со ист аршин, затоа што се различни не само позициите туку и интересите на Република Македонија и на Република Грција ќе се осмелам од ова место и јавно да кажам. Македонија, толку колку што е можно во овој момент, на турбулентниот тектонски,експлозивен Балкан, доби крупна шанса да ја подобрува и да ја зацврстува својата позиција на самостојна и на независна држава. Секој разумен и секој добронамерен, секако ќе се согласи. Тоа е кондицио сине кванон за Република Македонија. Тоа е прашање на опстанокот на Република Македонија и на Македонците, но и прашање на опстанокот на Балканот како егзистентен и политички субјект, за што како што има обичај да каже еден современ писател, ниту една Балканска држава не може да стане голема држава без територијата на Македонија.

IV/8.-

Но, пак, бидејќи неколку држави на Балканот јавно во минатото и тајно или прикриено сега, се уште се опиени или се уште не се разбудени од тој сон, фигура со која што се послужи претседателот Глигоров, кој што не само на зборови, туку и на дело ги одрече соништата во име на стварноста и кој токму затари тоа стана жртва на естатичкиот тероризам, на крволочниот михелизам, токму затоа повторувам нивните интереси се вкрстуваат во Македонија и нивните интереси се, сепак, македонците. Не само сега туку и во иднина Македонија ќе се бори против тие интереси. Нејзиното постоење е негација на тие интереси. Начинот на нејзината стрплива истрајна политичка, дијалошка цивилизирана и цивилизаторска политичка битка стекна големи симпатии во светот. И спаси и се што можеше да се спаси, од нејзината биолошка до нејзината материјална супстанца. Секој што не сака да го признае тоа, спори со евидентен факт, спори со очигледност, спори, уважени пратеници, со стварноста. А тој што спори, со стварноста, тој е готов и да ја уништува и да подметна бомба, или автомобил - бомба по стварноста. Во името на небулози, во името на фантазми, во името на некоја хипотетична иднина која никогаш не би можела да дојде до колку се уништи стварноста таква каква што е, дотолку се уништи, уважени пратеници, нашата сегашна македонска граѓанска стварност.

Ете зошто од перспектива на сегашна Македонија спогодбата е она што треба. За некого, може би, тоа не е спектакуларно и триумфално. Не е, дури ни реми како што се рече, туку дипломатски пораз. За мене е господа пратеници, меѓутоа, политички мошне мудро и продуктивно и бездруго особено важно, затоа што опстанокот не само на Република Македонија, туку и на секоја земја е прашање не само на нејзината туку и на волјата и на многу други земји, а во прв ред на волјата на нејзините соседи. Македонија мора и сака да издржи во тој стил на дијалошка и миротворна политика. Нам ни е неопходно враќањето на претседателот

Киро Глигоров во Македонија за да може и Македонија полесно да издржи и сите ние заедно со него.

(АПЛАУЗ)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Господин претседателе, почитувани дами и господа пратеници, не можам да сокријам лично чувство дека како пратеник учествувам во донесувањето на овој закон со третирање на акт од највисокото државно историско значење за државата Република Македонија.

Исто така, застапувајќи ги граѓаните на општина Кавадарци, должност ми е и обврска да пренесам дека и покрај моето убедував>е како пратеник, поддршка на Законот за ратификација на Времената Спогодба со Република Грција и Република Македонија, фактички е израз на одобруваше и поддршка на актуелната власт од граѓаните што ги застапувам во парламентот. Мојата длабока убеденост во претпоставката е дека и голем број од вас тоа ќе го прифатите.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Вие како претставници на граѓаните што ги застапувате го делите моето мислење во застапувањето на бирачите во чинот на донесувањето на овој закон за ратификација на времената спогодба. Овде беше неколку пати искажано за аргументите и причините за усвојување на овој закон поради неговото значење и затоа си давам слобода јас да ги повторам а тие се бездруго признавањето на самостојноста и независноста на Република Македонија од страна на Република Грција, почитување на постојните граници на Република Македонија, гаранција за немешање во внатрешните работи на Република Македонија, што значи и гаранција за нејзиниот територијален интегритет. Она што е најактуелно во јавноста, со оваа спогодба воопшто не го третира прашањето за името и овде ја користам при- ликата на говорницата да кажам дека категорички против сите суфикси и префикси што беа искажани од некои од претходните дискутанти, што не се менува ни Уставот на Република Македонија, освен нужните гаранции во толкувањето на истиот.

Длабоко сум убеден дека гласајќи за донесувањето на овој закон, фактички се гласа за сите оние елементи кои на овој Парламент и на оваа Влада се утврдени како цели и елементи на нашата надворешна политика. Гласајќи за овој закон сум убеден дека се потврдува поддршката и од нашата страна на политиката на господинот Киро Глигоров. Исто така, длабоко сум убеден дека со поддршката на овој закон, фактички, се застапува и нашата како Парламент гаранција за државните интереси и интересите на македонскиот народ и на сите граѓани кои живеат во Република Македонија.

V/2

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе,почитувани колеги, познато е дека во историјата државите се прават со крв, Република Македонија го даде тој свој влог и со АСНОМ-ското заседание 1944 како епилог Република Македонија држава. Осамостојување, независност, суверенитет, тоа беше вековна желба на македонскиот народ, меѓутоа, ноторна е вистина дека истата е постигната врз постулатите модифицирани на европското право, односно по мирен демократски пат, на цивилизациски начин. Само таков суверените? го признава демократска Европа и демократскиот свет. Познати се нашите патешествија низ евроинституциите. Во Лисабон, во Единбург, Лондон, нашите разочарувања, меѓутоа, и нашата цврста определба за независност и самостојност, а како епилог на целокупното тоа беше и признавањето за постапките на Република Македонија во постигнувањето, на нејзиниот суверенитет, односно добивме во рака пресуда на Бадинтеровата комисија, она што никогаш досега во историјата не го извојувал македонскиот народ и граѓаните на Македонија и се упативме на правото место во Обединетите Нации односно станавме членка, таму каде што членуваат сите суверени држави во светот. Познато е и тоа дека суверенитетот не се подарува. Тоа се спечалува. Па ни индивидуата човек својот суверенитет никој не му го подарува, треба целокупниот свој живот да се бори за да го докажува, така и Македонија својот суверенитет го постигна долго- трајно, макотрпно, но сигурно употребувајќи ги и користејќи ги паметно сите постулати од венецот на демократските одредници, толеранцијата, разумот и дијалогот.

Признавањето на Република Македонија од страна на соседна Грција има големо значење за граѓаните на Република Македонија и

граѓаните на Република Грција, меѓутоа мора да кажеме во оваа прилика дека се пак за да го постигнеме тоа многу помогнаа САД, односно силата што со сила може да спречи примена на секоја сила, а таква е била и нејзината определба во средувањето на демократската архитектура на европските земји, европските држави и како епилог на тоа и нашиот влез во Советот на Европа.

Мораме исто така да кажеме, дека признавањето на Република Македонија од страна на Република Грција е резултат и на врховната вредност на една еквилибистичка политика на почитуваниот суверен на Република Македонија кој што во овие мигови ја плати можеби најголемата цена на толеранцијата за да се ослободиме од сценаријата и промоторите на балканската крчма, односно за да ја затвориме таа балканска крчма. Со спогодбата на Република Македонија со Република Грција се промовира еден евро концепт на Европа без граници, проток на луѓе, проток на капитал,/релаксација на емоциите и тука треба да ја гледаме и иднината, да не зборуваме дека некого сме го напуштиле, нашите етникуми во Грција. Ние решавањето на тие прашања од корпусот на човековите права и слободи го гледаме само низ една Европа без граници, впрочем оној концепт што се реализира и во ченките на Европската унија. Познато е дека правата на малцинствата не претставуваат никаков галантен акт на власта. Тоа се права кои што се кодифицирани во демократска Европа, тоа е венец на права кој што на секој човек му следуваат како неотуѓиви и демократски права.

Во овој контекст, убеден сум дека периодот од седум години е период на толку брзи промени и созревања и е период во кој што ќе доживееме во сите светски и демократски институции да слушаме Република Македонија, затоа што е познато дека никој не може да ја кине етничката врска Македонија, македонци.

V/4

Јас сум убеден дека во епилогот на признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име во овој период.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас во ваа прилика оваа спогодба низ призмата на стопанскиот механизам и систем кој функционираше овие две години на просторот на Република Македонија, како и другите стопански целини во Бивша Југославија кои постоеја, имајќи ја пред се структурата на нашиот модел стопански во кои односи и на кои релации беше воспоставен и како функционираше се определив да потенцирам неколку моменти.

Имајќи ги предвид севкупно настанатите односи, во случајот кога сите критериуми на конкурентност на стопанството на Балканот беа изгубени во делот определувајќи се пред се за самостојна и независна држава, ние со целиот/ризик се определивме да градиме сопствен модел на стопанисување, вклучувајќи ги пред се сите механизми економски критериуми. Оваа спогодба или согласност за стопанствениците во Република Македонија ја гледам низ призмата на седум поволности и тоа дава можности

1. Да се либерализираат надворешно трговските системи помеѓу двете стопанства, односно помеѓу двете држави. Во конкретниот случај Грција и Македонија.

2. Ќе профункционира конечно стопанскиот систем, не само кон оваа граница, за скоро време и кон друга, а воедно и нема во конкретниот случај да се запостави нефункционирањето на институциите на системот пред се, на стопанските системи.

3. Најголем дел во делот на размената кој досега беше блокиран од голем број претпријатија и за голем број претпријатија ќе биде од корист.

4. Отворањето и поттикнувањето на процесот на организирање на мешовити фирми ќе биде конечен и долготраен и корисен процес за двете стопанства.

5. Понатаму, постојните стандарди кои постоеја од поранешното работење атести и документации во голема мерка нема да претрпат големи промени, со што и самите стопанства кои меѓу себе се познаваат многу лесно и брзо ќе воспостават односи.

6. Со структуралната размена на производите во голема мерка ќе се придонесе да се поттикне стопанската активност и развие пооперативниот однос помеѓу овие две стопанства.

7. Степенот на ангажираноста на капацитетите кои беа намалени како и поттикнувањето на процесот на вработувањето со запоставениот капацитет кој беше принудно запоставен се создаваат услови да се воспостави една порамномерна рамнотежа.

Имајќи ги предвид овие сознание што произлегуваат со потпишувањето на спогодбата, можеме да констатираме, а јас извлекувам констатација, дека ќе се забрза не само поставеноста, туку и поврзаноста на двете стопанства, транспортот на раба, стоки и услуги во голема мера ќе го олесни начинот на комуницирањето, платниот промет за кратко време ќе профункционира, ќе се воспостави стабилна соработка, ќе се изгради траен однос, економско однесување, ќе се забрза процесот на интелектуални менаџментски и други видови на услуги.

Со тоа сакам да потенцирам дека за стопанството ваквата спогодба или согласност е од голема корист, бидејќи ќе се направат сите

претпоставки и услови за воспоставување на еден однос на воедначено рамниште и второ, критериумите на стопанисувањето на нашето стопанство и нашето стопанство спрема околните стопанства ќе бидат на едно повисоко рамниште.

Имајќи ги предвид овие околности се определувам да ја подржам целокупната спогодба од овој стопански аспект, а мислам дека го делам мислењето на голем број стопанственици, зависи сега кој од својата проблематика, дејност, остварува комуникации и врски со ова стопанство, односно со грчкото стопанство во Македонија.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине претседателе, господа пратеници членови на Влада, јас би сакал да кажам неколку зборови за спогодбата, односно за Законот кој што е денес на дневен ред. Со ова ми се чини дека актуелната власт во Македонија го истрчува финалниот круг од маратонската трка за целосно осамостојување на Македонија, односно гледано и од историски и од сегашен аспект, од аспект на денешницата на Македонија постигнува нешто што го нема постигнато, бидејќи ова е последната пречка која што треба да се помине во влегување на Македонија во сите институции во светскиот и европскиот безбедносен систем.

Од аспект на историјата ако се вратиме од Букурештанскиот договор, преку поделбата после Првата светска војна каде што наполно е избришана македонската држава и македонскиот народ, па преку состојбите кои што се случуваа само пред неколку години, да се потсетиме само на Лисабонската декларација ќе дојдеме до еден податок дека оваа актуелна власт со политиката која што ја водеше придонесе Македонија да стане значаен фактор и ако може да се каже така, единствен фактор на мирот на Балканот, бидејќи со својата

политика која што ја спроведуваше за разлика од другите, придонесе да се сочува и во овој дел мирот на Балканот. Затоа мислам дека со ова што денес ние како пратеници треба да го изгласаме, правиме еден голем чекор во однос на историјата на македонскиот народ, посебно во однос на историјата на македонската држава.

Јас би сакал да се осврнам само на неколку тези кој што беа овдека изнесени од страна на определени пратеници, дел од она што сакав да го кажам е земено во дискусиите на другите пратеници, но сепак чувствувам потреба како претставник на еден град, чувствувам потреба како претставник на една партија која што ја сноси одговорноста за власта во Републиката да кажам неколку зборови.

Дел од дискусијата на господинот Руфи Османи во целост ме изненади, бидејќи како да излегуваше од познатите митинзи на конвенцијата на опозицијата. Дали тоа е случајна коинциденција или возвратна политика на взаемно дејствије на екстремистите во Македонија како што делуваа во минатиот период, тоа ќе си го покаже времето и историјата. Овде само уште фалеше повикуваше за нарачување атентати повикување на убиства, како што се слушаше на конвенциите на опозицијата во Македонија, кои што ја негираат официјалната македонска политика кои што не ја признаваат. Неколку работи кои што како тези доколку не се разјаснат можат да бидат опасни се во следното: дали е изгубено името Македонија или не. Јасно и гласно ако ги следите сите последни испитувања, сите последни јавувања кои што ги има на ниво на Македонија во врска со актуелните состојби, скоро секаде во сите тие писмени обраќања, дали се тоа добри желби за здравјето на претседателот или што и да било секаде јасно и гласно стои Република Македонија.

V/8

Во однос на самата спогодба прва н втора страна, ако ние сме погодени како земја, исто така е погодена и Република Грција, бидејќи во целата таа спогодба никаде не се споменува и нејзиното име. Влегуваме во спогодбата под потполно рамноправни односи, под потполно изедначени односи каде што и едните и другите ги знаат своите права и обврски кои произлегуваат од спогодбата.

Во однос на правата на албанците во Македонија, ако не беа овие права до крајност испоштувани и онака како предвидуваат сите меѓународни документи и декларации, Македонија немаше пред неколку денови да биде примена во Советот на Европа, бидејќи еден од условите за примањето во Советот на Европа се точно правата на малцинствата и сите оние уставно загарантирани права кој што ги дава една држава. Прашањето дали е тоа успех или неуспех на македонската политика, тоа прашање може да го поставуваат само оние на кои што не им се остварија нивните идеи, сам<у на оние на кои што не им се остварија нивните замисли Македонија да биде втора Босна, Македонија да биде второто жариште на ниво на Балканот и на ниво на Европа. Бидејќи само екстремистите кои што единствено ги интересира војна...

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:** (Продолжение)

И крвавите жртви можат да размислуваат дали ова е успех или неуспех. Секој нормален човек, секој кој што размислува за мир, за слобода и за исполнување на правата на сите граѓани без разлика на нивната верска и национална припадност ќе го поздрави потпишувањето на оваа спогодба, бидејќи тоа не е само од значење за РМ и Република Грција, туку тоа е од значење за Балканот и од пошироко значење за Европа.

Знамето, загуба или не. Не можам да сфатам две контрадикторности кои што се јавуваат во разговорите. Од една страна се кажува дека знамето е голема загуба за македонската држава, а од друга страна се предлага јавно на говорницата прифаќање на било каква додавка на името на Република Македонија. дека со тоа многу полесно ќе дојдеме до определени права, дека многу полесно ќе дојдеме до определени стојалишта до европската политика. Овде само сакам да кажам дека со изнесување на вакви невистини се случува она што се случува деновиве во Македонија. Се случи тоа што се случи, атентат врз претседателот, атентат кој што е атентат врз целокупната мироѕубива светска политика. не само балканска и европска.

Бидејќи телеграмите на поддршка што се добиваат од страна на претседателот на САД Бил Клинтон и од останатите државници претпоставуваат за важноста што ја има Македонија во овој регион, за она што го има значење Македонија во светски рамки. Ваквите ниски и нечовечки работи, ваквите антихумани и осветоѕубиви намери секогаш ќе претставуваат осуда на целокупната светска јавност. Не е само атентатот врз Киро Глигоров, она што се случува деновиве во останатите

општини во Републиката од каде што и јас потекнувам само можам да порачам дека господа графитопишувачи нема никого да исплашите со вашите графики, нема никого да натерате да се откаже од патот на политиката која што ја зацртал како политика на оваа држава. Премногу има доза на заканувачко во вашите графити. Премногу има доза на глупост и на нечовечност, бидејќи сепак тоа се еден израз на ниски човечки страсти. Таа политика која што ја води оваа актуелна македонска политика, ова актуелно македонско раководство само ја одведе Македонија до ширум отворени врати на сите светски и европски организации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, реплика бара г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас сум должен да реплицирам, пошто навистина тезите на претходникот беа толку тешки и човек да запрепетува. Се работи како да во моите искажувања по однос на она што е реална критика, а суштината на која беше дека постои реална одговорност во егзекутивата, која одговорност мора да се констатира. првата теза дека таа одговорност лежи во десетмесечно закаснување, која има економска цена. Понатаму, беше во погрешната проценка во однос на компромисот знаме - име. По трето беше моја сугестија , што јас имам право лично да ја изнесам , што не мора да биде прифатено од актуелната власт или дипломатија. на крајот, точно атентатот врз претседателот на државата мене ме поттикна и ги поттикнува сите граѓани на оваа држава да се бара одговорност. Значи, јас во мојот говор ниту алудирав на некои нови атентати, ниту алудирав на некои конвенции на опозицијата, изгледа г-динот на опаку ги

сваќа работите. Јас само би рекол дека треба убаво и точно да се чита спогодбата. Не мора да се чита на македонски, албански и друго. На оригинал, на англиски јазик, читајте ја и ќе сфатите она што реков . Тоа што го реков тоа таксативно тука е напишано. Понатаму, дали јас со оние мои искажувања се шегувам, бидејќи не сум наводно свесен дека живеам во Балканот. Напротив, јас реков на крајот на дискусијата дека јас ја подржувам оваа спогодба и ги имам своите аргументи зашто, но никој не може да ми оспори легитимно право да ги изнесам моите базирања на она што ги реков. И нека повели некој нека ги оспорува фактите што јас ги изнесов на база на факти. Спорењето е што? Суштината на демократијата, но не увредите.

Понатаму, ќе кажам некои работи дали само Македонија е единствен фактор за стабилноста на Балканот. Мислам дека некои луѓе не разбираат точно или ја немаат дефинирано точно кој поимот Балкан. Балканот не се состои, ве молам, само од бившите поранешни републики на Југославија. на Балканот припаѓаат и други држави кои својствено на Македонија, стабилно, умерено и усмерено се однесуваат. Првата теза.

Понатаму, што се однесува до тезата дека наводно приемот на Република Македонија во Советот на Европа значи дека се исполнети правата на албанците во Македонија, актуелната коалициона власт треба да им заблагодари на албанските партиципиенти кои кажуваат дека тоа е навистина така, иако сите знаеме дека тоа не е така. Но, ние сме одлучни преку демократски средства и пат да се бориме за тие права. Како? На тој пат како што јас верувам дека со оваа спогодба е постигнат еден многу битен момент. Кој е тоа? Мислам дека ќе преовладее мислењето дека треба некогаш да се прават компромиси и во ситуација кога си послаб и по немоќен. Токму тука јас ја гледам добрината на оваа спогодба од аспект на внатрешно регулирање на

меѓуетничките односи. Многу е лесно да бидеш моќен, па да бидеш паметен. Многу е тешко да биде обратно. Да бидеш немоќен и паметен.

Понатаму, јас реков што се однесува до името, изгледа дека некој друг погрешно ме сфати . Јас тоа го аргументирав и не случајно почнав лично од мојот народ и матичната држава. Јас реков дека имам искрени намери и желби и тоа треба така да се прифати, а еве да бидеме сведоци да не испадне како што испадна и со знамето, иако цело време актуелната коалиција во своите митинзи и пред вторите парламентарни избори и преку највисоките органи на власта толкуваше нешто друго и во внатрешната и во надворешната јавност. Еве, оставам на времето да кажеме , ја потврди мојата теза или потврди обратното.

На крај овде нема ништо во мојот говор и во моите аргументи со наводните конвенции на опозицијата вон парламентарна . Кога би имало такво нешто и ние би биле присутни во тие конвенции. Ве молам реалноста гледајте ја каква што е. И немојте погрешно да читате помеѓу редови.

А што се однесува до атентатот врз претседателот сите ние го осудивме како еден гнасен чин и затоа јас лично барам дека токму тој што раководи со тоа Министерство за внатрешни работи веќе не гледам дека има морално право да стои на тоа место. Пошто, Ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ви истече времето за реплика.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Еве завршувам. Сакав да кажам она што го реков, многу точно го реков, постојат аргументи и не треба да се чита наопаку како што некој

субјективно сака да го чита и сака да го толкува.

**СТОЈАН АНДВО:**

Г-дин ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувана Владо, колеги пратеници ќе бидам сосема краток, ќе изнесам неколку реченици за мои гледања.

Прво, за политичкиот аспект на спогодбата не би зборувал, бидејќи беше доволно кажано од страна на премиерот и од колегите пратеници. само би додал неколку реченици што беше спомнато дека проблемот со соседна Грција трае 18 години, некој рече 4 години, односно 18 месеци, 4 години, јас би рекол дека тоа трае 50 години. Да се врати ме малку на историјата назад, ќе видиме дека и во бивша Југославија ние како Социјалистичка Република Македонија имавме проблеми но затоа од тој аспект посматрано заслужува респект она што денес е предмет на дискусија.

Втор аспект по кој може да се посматра спогодбата тоа е економскиот аспект што најмногу нас како држава на Балканот не погоди. Тоа е ембаргото воспоставено пред 18 месеци и блокадата на север. Непосредно контактирајќи со стопанственици на мојата општина од која потекнувам , јасно дека ќе го искажат мислењето, пред се позитивно во однос на ова што се постигнува, пред се на економски план со отворање на границата односно соработката на било кое поле од стопанство, култура, туризам и т.н. со соседна Грција.

Јасно дека одредени фирми беа принудени по 5 илјади километри да поминат пат па за да од една роба ја пласираат во Европа или било во кој дел од пазарот.

Трета работа со која сакам да завршам, тоа е она што деновиве во Кичево е актуелно , тоа е растурање на летоци од одредени лица , што кичевската јавност, морам да признаам, тоа и во печатот јавно го осудува и јас како пратеник од името на оние граѓани кои ме избраа изборната единица 29, тоа го осудувам.

Кичево е град кој во текот на својата историја многу пати досега го докажувал тоа и постојано стоел на барање на институциите на системот. Од името на граѓаните на претседателот му пожелувам што побрзо закрепнување и вршење на својата функција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Филиповски.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сакам само со неколку реченици да дадам целосна поддршка на Законот за ратификација на спогодбата помеѓу Република Македонија и Република Грција , не заради тоа што нема што да се каже, туку заради фактот што ние имавме можности низ работните тела на Собранието и низ јавните настапи да ги изнесеме своите гледања, а посебно заради тоа што во воведното излагање на премиерот г-динот Црвенковски и во повеќето дискусии кои одеа во прилог на поддршка на овој Закон беа изнесени во основа причините кои одат во насока на поддршка на законот.

Лично не очекував на денешнава седница да се појават прашања кои немаат допирни точки со спогодбата помеѓу Република Македонија и Република Грција, не навлегувајќи сега во причините заради кои некој пратеници повторно и по којзнае кој пат се обраќаа на дел од своите бирачи, соопштувајќи одредени гледишта, кој само тие ги гледаат, а поширокaта јавност и меѓународната заедница, не можат да ги видат,

меѓутоа, воопшто не можам да прифатам од оваа говорница да на ја изнесам својата реакција на предлогот на потпишување на некаква спогодба на Владата на Република Македонија со дел од граѓани од Република Македонија, независно на која националност тие припаѓаат, бидејќи тоа во основа фафоризира еден принцип заради кој постојано односно на кој постојано лично се спротивставувам, принципот на високи бројки, а тоа значи дека одредена националност или малцинство кога ќе достигне одредена бројка во РМ веќе ќе го стекне правото директно да се спогодува со Владата на РМ по однос на некои права, кој според Уставот треба да бидат еднакви за сите граѓани и се еднакви за сите граѓани во Република Македонија.

Овој закон, а практично и спогодбата ја подржувам заради фактот тоа што тие во основа и во целост би рекол се спротивни на споменатиот балкански инает, односно спротивни на принципот на вклопување на сопствените гледишта и политика во сопствените ровови што не дава можност за разговор, спогодување, договарање, туку во основа дава можност на онаа втора и заобиколна варијанта после многу жртви повторно да се дојде до спогодување и во тој случај и двете договарачки страни да изгубат, а ништо да добијат.

Би рекол и покрај и рационалните барања на Република Грција, ние ја покажавме својата добронамерност и со одредени практични потези кои ги направивме минатата недела и со поддршката на овој закон за ратификација на спогодбата, бидејќи тоа е практично принципот кој оди во пресрет на договарачот, во пресрет на оној со кој ние се спогодуваме и е сосема јасно дека во целата таа постапка мора да има одредени отстапки од едната и од другата страна.

Мислам дека оваа спогодба во основа, што беше споменато и досега ја афирмира нашата политика, политиката на Република Македо-

нија, политиката на актуелното раководство на Република Македонија, на пријателство и соработка со сите соседи, немешањето во внатрешни- те работи на државите и посебно ја потенцирам поддршката, заради отворената можност која исто така веќе неколку пати е спомената која ќе се отвори за циркулацијата на луѓето и стоките, посебно и од аспектот на проблемите кои ги имаше стопанството на Република Македонија во изминатиот период. И заради фактот што оваа спогодба со Република Грција и покрај моето длабоко убедување во голема мера ќе ги релаксира односите и со другите соседни земји, посебно со нашиот северен сосед.

Од оваа говорница сакам да спорам со два става кои се јавно присутни и од собраниската и од вон парламентарната опозиција, ставот дека Република Македонија , со тоа што можела многу порано, некои тоа го велат за 16 месеци, некои еве денес за 10 месеци да ја потпише оваа спогодба, што според моите сознанија е неточно. И ставот кој имавме прилика да го чуеме дека ова дури не може да се смета за пораст на Македонија, бидејќи за да се доживее пораз треба да се води борба, а како македонско раководство и македонскава дипломатија не воделе доволно борба за интересите на Македонија, македонскиот народ и граѓаните кои живеат во република Македонија, мислам дека е тоа апсолутно неточно и не аргументирано. Тоа во основа ми дава и лично за дрпаво и на партијата на која припаѓам, се разбира со сета одговорност во овие одговорни времиња да дадеме поддршка на оваа спогодба и да го подржиме законот за ратификација на спогодбата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Сали Рамадани.

VII/1.- НН-ВБ

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И денес за првиот дел имам еден говор, кој ме остана недоречен уште за време на минатата седница. Наиме како да предосетив дека на таа седница ќе биде збор околу атентатот, но ние имавме прилика да слушнеме само една декларација, но ме чуди фактот зошто не се водеше расправа. Тренд пред тоа напишав текст меѓутоа откажав затоа што не сакав да бидам јас прв и за таа точка односно за декларацијата. Денес ми даде повод излагањето на премиерот на мнозинството тука во Парламентот, а и некои дискутанти претходни. Се отворија многу проблеми и полемика и околу тоа можам да разговарам можеби и три дена. За тие меѓунационални односи јас мислам дека треба да припремиме една посебна седница. Денес имаме на дневен ред, значи прво Ратификацијата, а бидејќи стана збор и околу атентатот јас тој текст го имам од претходната седница па сакам некако да се произнесам.

Наиме и како човек и како Албанец и како пратеник јас тука нема никаква дилема, дека веќе не е во прашање политиката тука веќе не е во прашање националноста, партиската и идеолошката определба. Тоа важеше за време на минатите и ќе важи за време на идните избори. Тоа беше и ќе биде спан на изборната кампања како и на секаде во цивилизираниот свет, тука исто така немам дилема. Затоа во името на мојот Ректорат, а убеден сум дека го делам мислењето и на мнозинството ако не и на сите Албанци од општината Кичево па и пошироко со тоа на семејствата на покојните граѓани им изразувам најдлабоко сочувство додека на претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров и другите повредени што побрзо оздравување и враќање на своите работни места.

Во времето кога ги составував овие реченица се наоѓам во фазата на почетокот на кривичната постапка т.е. во сомнениено фаза а можеби уште за НН лица или лице затоа ако можат случајно да грешат и најголеми експерти, наши и страни, институции и познати личности јас не

би сакал да преаудицирам ни најмалку затоа што до правосилната пресуда т.е. сомнението од обвинението осуденикот и се до завршна фаза виновникот има уште многу процедуралност што значи дека процесуалната пеналистиката и криминалистиката не ни дозволува за научно определување за узроците т.е. каузалноста и последиците поврзани со тоа. Т.е. до правосилноста и потполното утврдување на материјалната висина. Значи сега за сега може само да се претпоставува. Како стручња би требало да ги очекува резултатите на надлежните и да не се упуштам за даваше на мислење затоа што може да биде и погрешно. Затоа не сум се определил во животот, меѓутоа како скромен политичар а врз основа на досегашните информации треба некако да се солидализираме со поголемото мнозинство на оние кои се веќе и со сигурност определени. Ако конечно се определуваме дека овој обид за атентат има политички цели а не е некоја случајност или од други можеби разлози тогаш децидно треба и од научен и од политичка гледна точка на најконцизен и можен начин да се нагласува следното.

Терористичките акции посебно во денешниот модерен и демократ ски свет со сите кривични закони, карти, конвенции и други правни норми се осудуваат и казнуваат едногласно. Тоа е вандалски нехуман, нецивилизиран акт против телото на човекот како највредно живо битие. Тоа е сосема екстремен акт а во овој случај и без преседан, без ни најмала инсификација било од кој да е аспект. Ако некогаш и во други времиња места и прилики атентатите против монарсите, диктаторите и кралевите се сметале како херојски акт за ослободување на поробените народи и граѓани, во денешното демократско општествено уредување колку да сме и на самиот старт кога постојат институционални патишта за изменување на влади и челници било во кое време тежината на вакви и слични настапувања на сцена се лишени од било каков резон и за потполно не само кривично туку и високо морално осудување.

VII/3.-

Иако уште можеби не се знае личноста на субјектот т.е. на можниот организатор односно екстребуторот се знае објектот и може да се даде една потполна и точна оцена за едната страна. Наиме се работи за модерирано, модернизирано, репрограмирано искусно заслужено старо и почетно демократско лице кое за неколку години иницирал и извршил и имаше на пат да остварува и многу други потези за излегување до ќорсокакот од сигурната војна и катастрофа на Република Македонија како мултиетничка, мултикултурна и мултиконституционална држава. Бесмислена пат за разрешување на многу битни прашања кои не беа решени со децении и векови. Една личност во историјата повеќе пати многу значи. Во конкретниот случај и покрај можните примедби посебно меѓутоа колку да е мериторна личноста ако е поставен добар темел, почетен камен темелник кога е присутна толеранцијата здравиот разум објективното разбирање меѓу народите и луѓето не може со исфрлувањето на едно лице или повеќе да се руши целата кула било тоа да е во доградување, доѕидување. Нашите национални колективитети се поврзани со векови на овие балкански простори. Има заеднички интереси како сега како и во иднина и нема сила и покрај можните временски осцилации која ќе ја извршува оваа заедничка кула, кулата на реалноста, кулата на среќата, кулата на највредното човековото битие. Тоа беше за декларацијата и атентатот.

Конкретно...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам прејдете на ова за што добивте збор. Јас мислам ќе зборувате во врска со предлогот за донесување закон. Само сакате да дадете еден вовед во тоа. Ајде ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Еве за денеска, па малку беби-ситеркси. Денеска ....

(Зборува на јазик што не го разбирам)

Едната како пратеник...., втората како преводител.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам

**САЛИ РАМАДАНИ:**

(Зборува на албански јазик, и едновремено преведува). Не првата страна, туку со име и презиме....Сали Рамадани пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам г-дине Рамадани придржувајте се и вие при Уставот. Ајде да докажеме ние дека навистина држиме до стабилноста на институциите. Дел од вашиот говор беше токму така посветен. Ајде ве молам...

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да го прочитаме сакате?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Основна институција ни е Уставот и продолжете на македонски Ве молам. Знаете добро македонски. Повелете.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ако денеска не ми дозволува двојазично вистински тоа ќе биде само албански...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повелете на македонски.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ни на еден друг јазик затоа што е многу важна тема да знаете. Можам да преведувам така перфектно, брзо, ефективно....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вие можете добро да се изразите на македонски, а така е и по Уставот предвидено...

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш ви укажувам...

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Претседавачот ...да биде да го интерпретира добро, точно Уставот. Ако треба помош ќе му дадам јас. Значи, јас поаѓам ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не господине Рамадани. Ве молам само едно ...

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На локалната самоуправа од алергија кон албанскиот јазик Мене не ми смета македонскиот јазик.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Рамадани во оваа сала само оној кој ја води седницата, претседателот на Собранието е овластен да ги толкува деловничките одредби и оние кои се во Уставот а се однесуваат на процедурата во Собранието.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не. На погрешна основа сте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, вие можете да мислите, но тоа е друго прашање. Тоа кога ќе дојде на расправа тогаш ќе расправаме. Продолжете сега за ова.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Иако Уставот е за Албанците'.. ..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Рамадани продолжете сега на друго, немојте сега за тоа. Тоа е така по Уставот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Па дајте и вие на албански, па јас на македонски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, продолжете сега ве молам. Ве молам, инаку ќе ви го земам зборот.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Да ве прашам во Стразбург на кој јазик зборуваше, во сред Европа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој тоа?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Претседавачот. Првиот пратеник го прашувал на кој јазик зборуваше во Стразбург.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе дојде на дневен ред како се зборува во Стразбург тогаш ќе расправаме. Сега не е тоа на дневен ред.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

(Продолжува да зборува на албански јазик)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине рамадани, тогаш ве молам ви го земам зборот. Ќе се јавите дополнително после. Кога ќе бидете спремни да кажете. Ве молам сега напуштете ја говорницата. (Господинот Сали Рамадани не ја напушта говорницата) Добро сега напуштете ја говорницата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не би требало јас ќе продолжам понатаму двојазично, па ако сакате...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не можете така да продолжите. Ве молам напуштете ја говорницата. Ајде ве молам.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не би било лошо да ја напуштите вие. Или пак заедно ќе излеземе. Како ќе се договориме така ќе направиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата сега. Држете се до одредбите што му припаѓаат на претседателот на Собранието да ги каже. Ајде ве молам сега.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тогаш ќе го ставиме на дневен ред друг пат, но стварно

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, пауза од 15 минути.

(Пратеникот Зоре Темелковски реагира зошто се дава пауза. Исто така реагираат и други пратеници}

Тишина, седете вие таму. Седете си вие на местото.

(Пауза од 13,40 до 14,00 часот).

VII/8.-

( ПО ПАУЗАТА)

Вкупно се 89 пратеници во слаата, можеме да продолжиме.

Продолжуваме со расправата.

Има збор господинот Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Ги слушнавме во најголема мерка политичките и внатрешно - политичките и надворешно - политичките видувања и аспекти на потпишувањето на Спогодбата со Грција. Јас лично се согласувам со образложени- јата и видувањата дадени од тој аспект, но накратко ќе се осврнам што значи потпишувањето на оваа Спогодба за економијата и стопанството и за двете земји.

Факт е дека штети од едностраното ембарго трпи и грчката економија, грчкото стопанство и нашето. Огромна е немоќта и чувството на немоќ на еден раководител/од стопанството кога ќе почувствува дека не зависи сам од себе, не зависи од своите способности и можности за работеше, туку дека зависи од добро или лошо водена политика, во глобален план. Во пракса се покажа дека на тој план лошо водената политика од страна на Грција со воведувањето на ембаргото предизвика многу потреси, многу проблеми во двете стопанства, се разбира повеќе се почувствува кај нас бидејќи сме помала земја и тој удар е со повеќе последици.

Факт е дека со ембаргото, ако на тоа се додадат и санкциите према север се створи една ситуација кога нашето стопанство навистина работеше и се уште работи во крајно неповолни услови и за мене оваа економска непогода, многумина покушаваат и се уште покушаваат да ја презентираат така и во таа смисла дека актуелната власт не е во состојба и не е во можност да ствара добри стопански и економски предуслови за добра работа на стопанските капацитети.

VII/9.-

Блокадата придонесе, некои од претходните говорници тоа го кажаа, многу наши капацитети да се затворат, многу наши работници да останат без работа, производството опаѓа и во една таква ситуација навистина тешко е да се стопанисува. Очекуваме, тоа е евидентно дека со потпишувањето на Спогодбата веќе за наредните денови границите треба да се отворат. Тоа за нас ќе значи многу. Евидентно е дека и излезот на нашата роба на европскиот пазар не само што е некурентен поради големата цена на превозот која многу учествува во вкупната цена на производот туку кога тоа ќе се поврзе со факторот време, а времето верувајте е двојно на патувањето на нашата роба до европските пазари и обратно, дава една слика онаква каква што е. Сите надежи на нашите стопанственици и мои се во смисла дека ова е огромна шанса да се даде еден нов импулс на нашето стопанство, шанса која мораме да ја искористиме, шанса која многу нашите капацитети ги ревитализира, шанса која ни ја дава оваа Спогодба и јас лично ја поддржувам, очекувам многу од неа, од нејзината практична примена и мислам дека е резултат на една долгорочна, макотрпна и мудро водена политика од нашите раководители. Затоа се изјаснувам дека ја прифаќам оваа Спогодба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас не би сакал да излегувам повторно на говорницата, меѓутоа ме тера г-динот од СДСМ, пратеникот, кој вели што се однесува до вашите права, правата на малцинствата, како ги наименува он, јас мислам дека за овие права јас сум поодговорен да одговарам и го изнесов мојот став и за Спогодбата и за нашите права. Бидејќи овој проблем е присутен не само во парламентот, јас сум убеден дека е присутен во сите државни органи, па дури и во локалните органи а особено кога е зборот за овие

проблеми, кога станува збор за овие проблеми мислам дека е во Парламентот и во Владата. За да се расчисти овој проблем јас му порачувам на г-динот малку да се послужи со историската литература. Да прочита некаде пред 1945 година кој беше позиција на Македонскиот народ и на Албанскиот народ. Ние стартувавме од истата позиција после 1945 година господине. Тогаш немаше малцинство и мнозинство. И ја формиравме оваа држава заеднички. Тука нема дилеми. Има за оваа работа историски факти. Никој не треба вака да одбегнува од нешто што е реално. Ова е аргументирано со документите од историјата. Меѓутоа, сега проблемот тука е за некои работи што многу, јас мислам дека не треба толку ние како двата народа што бевме досега, како комшии, јас не гледам, ниту има историски докажано дека меѓу Македонците и Албанците има нешто спор. Тука се работи за некои проблеми и затоа јас барав по моето излагање исто така покрај оваа Спогодба со Република Грција да има една спогодба со Албанците. Така би се решиле сите проблеми, сите работи кои се сега доминанти како во Парламентот така во Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, членови на Владата, би сакал неколку збора да се осврнам на Законот што е предмет на расправа, односно на времената спогодба и да го кажам следното:

Во историјата на секој народ, на секоја држава постојат моменти и одлуки, настани што како некој меѓник ги определуваат и судбината и визионерството на тој народ и на таа држава.

За македонскиот народ и македонската држава во неговото подалечно и поблиско минато такви настани беа доста и тие секогаш се оценуваат, една историска дистанца со една политичка и државничка ревизија која поаѓаше од условите во кои тие одлуки настануваа и се донесуваа. Македонскиот народ , еден од европските, балканските народи кој низ својата тешка историја тешко се изборил за својата држава. Во таа смисла бил и често пати попречуван од оние кои никогаш не предвидувале на овие простори да постои држава, а веројатно и народ кој се идентификува како македонски народ.

Настаните од нашите славни, историски востанија, Разловачко, Кресненско и Илинденското востание, вклучувањето на Македонија во Народноослободителната војна на страна на антифашистичките сили, целокупниот процес кој добар дел од овде присутните се сведоци на процесот на осамостојувањето и создавањето на независноста на Република Македонија, ја доведоа Република Македонија и сите граѓани на Република Македонија да се почувствуваат како важен меѓународен фактор, кој за разлика од многу пати во својата историја по прв пат,

речам непосредно н директно одлучува за својата судбина. Во меѓународното право во Организацијата на ОН , јасна е позицијата како се доаѓа до држава. Јасни се критериумите. Република Македонија ги исполни во потполност и на тоа бевме сведоци во целокупната оценка што од Бадинтеровата Комисија наваму ги дава сите мериторни меѓународни фактори. Се разбира, еден од значајните фактори на тоа меѓународно признавање претставува признавањето од соседните држави и кои тоа признавање треба да го направат.

Во таа смисла, оваа времена спогодба прави историски исчекор за кој ние денеска треба да гласаме и да го дадеме својот глас. На тој начин Македонија уште повеќе ја зацврстува својата меѓународна позиција и се појавува како значаен меѓународен фактор.

Другиот аспект што е исто така битен во таа меѓународна позиција на Република Македонија е сигурно нејзиното меѓусебно воспоставување во смисла на односи што значат добрососедски односи, немешање во внатрешните работи, воспоставување дипломатски односи и воспоставување она што значи проток на луѓе, стока, добра, капитал итн.

Во таа смисла, оваа спогодба само ги исполнува очекувањата и ја втемелува Република Македонија како една современа држава која го почитува меѓународното право и ги користи меѓународните институции. Оттука и признанијата, така да кажам и поддршката што факторите на меѓународната политика ја даваат ја вклучуваат Република Македонија во меѓународните процеси. Секако дека тој процес нема да оди лесно, ниту оди лесно. Последните настани само ја покажуваат тежината на просторот и аспирациите што се имаат на овој дел од Балканот.

VIII/3.-

Во овој момент за мене е од многу историско значење Република Македонија да остане фактор што ќе ја иницира соработката со соседните држави, ќе воспостави билатерални односи и на база на непосреден контакт на сите фактори и чинители во меѓусебното комуницирање ќе ја покаже својата политика за мир, за демократија и за добрososедски односи. Ова, на друга страна ќе дозволи да се ослободи една енергија што ќе почне да се занимава и со некои проблеми што исто така за позицијата на Република Македонија се од првостепено значење, а тоа се внатрешните односи во Република Македонија, воспоставување и подигање на институциите на парламентарниот и демократскиот систем, подигање на одговорноста во извршувањето на преземените обврски во било кој облик, воспоставување поголеми слободи и права на граѓаните, проширување на тие исти се во правец на модерните институции и слободите и правата што Европа и Светот ги познава.

Мислам дека во овој момент тоа ни е превосходна задача на овој Парламент и,како до сега полно пати, во целост ќе ја исполниме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господо министри, г-дине премиеру и драги колеги и колешки пратеници.

Пред паузата сакав да си оддадам едно јавно задоволство, но и сега нема причина тоа да не го сторам, дека би бил среќен кога Парламентот би работел најчесто во оваков еден состав, на оваков еден начин и овака масовно, како што доликува, за да го повратиме и

дигнитетот и авторитетот на она за што сме избрани. Секако дека неколку поинакви однесувања не треба овој впечаток да го минимизираат, да го намалат. Напротив, уводното експозе даде една сериозна подлога за да ние сите најсериозно пријдеме кон она што значи богатство на наши размислувања, идеи, па ако сакате, зошто да не, и одредени забелешки и одредени сигурно замерки, што никако не треба да се сфатат спротивно на она што значи желба да биде ратификуван еден ваков договор или една оваква спогодба.

Во сето ова сметам дека не ќе биде проблем оваа спогодба да ја ратификуваме денеска, меѓутоа, исто така мораме да бидеме многу пореални, дека со ова потпишување не завршуваат нашите маки, не завршува она што значи понатамошна работа на нашата влада и нашата дипломатија. Дури сега до израз треба да дојде знаењето, умешноста, елоквенцијата и она што би значело верификација на она што е тука предвидено.

Имено, ние имаме лошо искуство. Мора да признаеме од односите, особено со овој сосед и не можеме сега во оваа состојба ние да прифатиме дека практично безрезервно прифаќаме се, дека сме биле никој и ништо и дека практично Македонија почнува да живее од денеска, откако ќе ја потпишеме оваа спогодба. Ако е така, ние, почитувани, сите присутни длабоко грешиме и практично анулираме се што до сега значи историја на овој народ и на овој простор.

Сигурно дека овој договор, оваа спогодба е многу битна за нашиот иден развој. Сигурно дека до оваа спогодба ние никогаш не ќе дојдевме ако светската дипломатија, во овој случај американската не не принуди сите субјекти, а повеќе онаа првата страна , за жал што го носи тоа име "прва страна" да во форма на превентира потпишеме еден договор да не

VIII/5.-

ни се случи нешто што веќе е видено. За што имено се работи?

Имено, зошто ние срамежливо тука да кажеме дека се сме исполниле, се исполнуваме и верувам дека се ќе исполниме. Ние, не го спроведовме ембаргото неправилно, особено спротивно на сите меѓународни конвенции, особено онаа што ги третира земјите што немаат директен излез на море. Тоа е Македонија.

Втора работа, прашањето на името мислам дека на крајот бидејќи потпишувањето на оваа* спогодба веќе не во прашање, прашањето на името Република Македонија не треба воопшто да стане во обѕир. Ќе се преговара, ќе се разговара, меѓутоа, ако никому, па и на Република Грција не и пречеше 50 години да имаме име СРМ во склопот на поранешната федерација, Социјалистичка Република Македонија, сега да и пречи што сме го исфрлиле тој идеолошки предзнак "социјалистичка" и ќе се викаме Република Македонија. Се разбира независна. Ако е тоа еден подолг период, зошто тоа да биде причина и да биде енигма.

Понатаму, ние ги знаеме најгорливите прашања и проблеми. Не се сомневам во динамизирање на стопанството, во повраќање на партнерите и слично. За тоа сме зборувале, стопанственици сме и знаеме.

Не прифаќам сугестии од стопанственици дека од утре ќе потече мед и млеко. Па, господа, ние овде многу законски или под- законски акти во интерес на стопанството не ги изгласувавме. Ние самите пратеници на овој Парламент.

Така ли е г-дине Николовски? Во име на Комисијата ве прозивам, затоа што не донесовме такви ....

VIII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам....

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мојата дискусија ќе ја завршам со членот 9, каде што се зборува за човекови и културни права:

"Во извршувањето на нивните работи страните ќе се водат од духот и принципите на демократијата, основните слободи, почитување на човековите права и достоинство и владеењето на правото во согласност со Повелбата на ОН, Универзалната Декларација за човекови права, Европската Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација, Конвенцијата за правата на децата, финалниот Хелсиншки документ, документот од Копенхагенската средба, на Конференцијата за човечка димензија, на Конференцијата за безбедност и соработка во Европа и Париска повелба за нова Европа".

Од сето ова ако ние успееме да операционализираме само 50%, јас ќе бидам најсреќниот граѓанин и најсреќниот македонец во оваа држава. Затоа што јас се чувствувам многу непријатно кога јас можам да одам во Грција, и условно тоа утре ќе биде, кога сакам и како сакам, а затоа моите браќа, сестри, братучеди, пријатели, кумови, сонародници, граѓани на овој свет да можат да бидат ставени во една друга диоптрија и да бидат ставени под еден друг скенер. Според тоа, сметам дека тоа се најважните и најбитни делови од оваа Спогодба.

Она прашање , оние две канцеларии што ќе ги отвориме кое име ќе носат? "Прва" и "Друга страна" 'ли? на тие објекти. За мене е секундарно. Ќе се најде некој излаз. Дали ќе одиме со некои ливчиња или со некои дадени билети во некои агенции за безбедност и проверка, на што бевме

навикнати долго време, сето тоа за мене ќе го надминеме во интерес на добрососедските односи и она што значи заедничка иднина.

Членот 19 во првиот став третира унапредување на деловни и туристички патувања. Дали во сето ова ќе имаме ние овде граѓани од прв, втор и од енти ред. Како ние ќе унапредуваме туризам и деловни врски, ако јас треба да размислувам дали мојот возач, дали референтот, дали мојот директор, дали мојот сограѓанин ќе можат да поминат преку границата или не.

Тоа се сериозни работи. Да имаме доверба дека нашата дипломатија, нашата Влада и сите ние ќе изнајдеме сили, трпеливост, толеранција за да го финализираме патот. За тоа што ние сме стигнати само донекаде. Народот вели до ќоше. Од ќошето водат патишта на повеќе страни, зависно од крстосницата и зависно од аголот.

Според тоа, сметам дека не ќе биде проблем ние ова денеска да го ратификуваме. Ми пречат дискусии што дијаметрално отстапуваат од она што значи ратификување на спогодба со една држава, затоа што ние тука ратификувавме многу спогодби, многу договори и воопшто не скршнавме од темата што значи таа билатерала, без оглед што ова е сосема друго нешто. Без оглед што тука еден од потписниците е Сајрус Венс, дека еден од оние кои таму веројатно не спиеше заедно со нашите дипломати е и првиот човек на ОН, сепак сметам дека ние како Парламент треба да имаме едно поголемо уважување на актите што тука ги ратификуваме и потпишуваме. Имаме и време, услови, можности за сите други прашања во некои многу попогодни, поприкладни околности да дискутираме затоа што дел од некои дискусии денеска прозвучуваат и како мала уцена, но да мислиме дека тоа се сепак моменти на губење на една контрола од сериозноста на задачата што Парламентот денеска треба да ја обави, а тоа е ратификација на еден оваков документ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, и јас се придружувам кон многумината пратеници кои позитивно се изјаснија кон времената спогодба на Република Македонија и Република Грција. Сметам дека оправдано кај повеќето од пратениците, апсолутно не постои дилема дали треба или не треба да се прифати оваква спогодба за да се нормализираат меѓусебните односи. Но, веројатно ќе има и пошироки позитивни рефлекси врз стабилноста и ситуацијата на Балканот и пошироко во регионот.

Тргнувајќи од тоа, сметам дека оправдано се дава една оваква поддршка. Кај мене постои само една мала дилема околу начинот на кој се ратификува спогодбата, односно зошто е потребно донесување на Закон со кој што, на некој начин, се дава сила на закон на една меѓудржавна спогодба што сметам дека можеби и поинаку требаше да се третира, со оглед на тоа што во самата Спогодба изрично на ниту едно место не може да се идентификува потребата од ратификација на оваквата спогодба.

Но, имајќи го предвид фактот што ЗПК чувствувала за потребно донесување на закон со што ќе се ратификува Спогодбата, јас нивниот став го чувствувам како мериторен и како таков ќе го дадам гласот "за" за законот со кој ќе се ратификува оваквата спогодба.

За позитивните аспекти на Спогодбата од политички, стопански, меѓународен, меѓудржавен аспект на оваа спогодба, многумина од пратениците веќе говореа. Но, кога сме веќе тука не е нескромно, да се напомнат и некои други аспекти, односно да се потсетиме на тој макотрпен пат по кој се дојде до оваква позиција - позиција на рамноправен партнер со една Република Грција.

VIII/9.-

Вие знаете дека овој спор беше наметнат од една држава која имаше широка афирмација во меѓународни рамки, од една држава која беше членка на Европската Унија, од една држава членка на НАТО И од една држава која и политички, ако сакате и економски и од воен аспект е една од појаките земји во регионот, односно на Балканот.

Од друга страна, Република Македонија една држава која никна на овие простори која бараше меѓународна афирмација, меѓународно непризната, без воспоставени дипломатски или било какви билатерални односи со повеќето од земјите, една држава која уште не беше примена во светската организација

IX/1 ЈМ/ПН

**НАСЕР ЗИБЕРИ**: (Продолжение)

..... една држава која тек тропаше на вратите на сите меѓународни и европски институции се наметна, значи од таа позиција која беше апсолутно дистаборна за Република Македонија да се демаскира, демистифицира и на крај и отфрли една Лисабонска декларација која беше апсолутно неприфатлива и на штета на РМ, значи да се дојде до една позиција каде заради фрустрациите на Република Грција по однос на името на РМ дури во Договорот да не стои и име Република Грција, туку под еднаков третман да им се даваат на едната и на другата страна. Се постигна и тоа да со оваа времена спогодба РМ го придобие тоа што е најзначајното во моментот, а тоа е меѓусебното признаваше, признавањето на границите помеѓу РМ и Република Грција, а тука се во секој случај и останатите сегменти, воспоставување на дипломатски односи, воспоставување на една нормална комуникација на луѓе, стоки, идеи и тн. И сите тие позиции од еден рамноправен аспект, од една рамноправна позиција помеѓу две рамноправни држави. Тоа што се однесува до моите гледања по однос на времената согласност, односно нормализацијата на односите меѓу РМ и Република Грција.

Не можам, а да не се произнесам и по однос на некои настапи на одделни пратеници, за жал мои сонародници, по однос на овие проблеми што сметам дека повеќе личеа на крокодилски солзи отколку на еден реален пристап кон ова прашање. Вие видовте дека многу брзо самите се демантираат во нивните искажувања кога се залагаат од една страна да не се промени знамето на РМ, а од друга страна нудат алтернативи со суфикси, или префикси по однос на прашањето на името. Самите се

изјаснуваат прво, ја поддржуваат Спогодбата, а бараат политичка одговорност на Владата зошто истото го правата. Сметам дека некоректен пристап кон овие прашања од било кој пратеник кој на ваков начин истапува кон овие прашања.

И на крајот сметам дека не е чесно во име на една пратеничка група и една партија да се настапува и да се искажуваат ставови на таа партија која самата е присутна во Парламентот, ги има пратениците и кога биле на дневен ред и секогаш кога ќе бидат прашањата од тој меѓуетнички карактер ние ќе си го . кажеме своето, впрочем тоа сме го правеле и досега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Почитувани колеги, господо министри, денес расправаме за еден документ кој што е/реткост во меѓународно правниот промет, преседан е во дипломатијата во денешни услови како по својата содржина, така и по својата форма. Но, мислам дека денес меѓу- народните односи и онака излегуваат од вообичаените шеми и стандарди и светски и европски. Денес правило на однесување во меѓународната политика станува прагматизмот од едноставна причина што тој доведува до остварувањето на националните и државните интереси на еден народ, затоа што токму стрпливите разговори, преговори станаа многу подобра алтернатива на досегашните правила на разрешувањето на спорните прашања меѓу две држави. Македонија и Грција токму со оваа Спогодба покажаа дека најдобар е патот по кој што најтешко се доаѓа до остварувањето на целта. И од таа причина мислам дека оваа Спогодба има многу големо значење како за Македонија, така и за Грција, особено и за тивките медијатори и ставот на ООН една моќна велесила. Според

IX/3

тие причини сметам дека ако се цени дали некој е победен, победник, дали некој добил, или изгубил, мислам дека со оваа Спогодба доби РМ многу, доби Грција, добија САД и добија 00Н со зголемувањето на нејзиниот углед и кредибилитет токму во годините кога се слави 50-годишнината од ООН. Што доби Македонија? Македонија доби шанса да ја заокружи својата државност во меѓународни рамки, доби шанса да се интегрира во светот на економски и политички план, доби шанса и да ги среди односите внатре во државата. Значи, Македонија како држава на политичката карта на светот денес е непобитен факт, е реалност. Токму тоа и на многумина им смета. Но, за тоа потоа.

Што доби Грција? Со оваа Спогодба Грција доби фактички сатисфакција и пред своите добронамерни граѓани особено пред светот за оној невиден национализам што го промовираше на почетокот на македонско - грчкиот спор. На тој начин заедно со Македонија, Грција и Македонија фактички пред светот покажаа едно ново лице кое што не е карактеристично за Балканот, покажаа лице на цивилизирани народи и држави кои што на цивилизиран начин и ги решаваат споровите кои што ги оптоваруваат двете држави. Значи, даде шанса оваа Спогодба Грција да го реши својот внатрешен национализам и со чинот на потпишувањето на Спогодбата каде што прифати и Грција да се нарекува првата, или другата страна фактички дава кредибилитет целосен на Спогодбата која што ја потпиша со РМ. Да не говорам што добија САД/ веројатно многу, затоа што не само што се единствена супер сила денес, туку единствената држава можеби денес со долга демократска традиција која што има кредибилитет да учествува во посредувањето на решавањето на споровите меѓу две држави со

апсолутен авторитет. И реков нешто за ООН, тие добија шанса да нешто се рехабилитираат бидејќи сите овие задни години на сите планови само редеа негативни поени во решавањето на кризните жаришта во светот.

За Македонија ова е многу значаен настан, затоа што оваа Спогодба значи материјализација на една политика, политика која што беше правена со една друга алтернатива и во изминатите четири, пет години. Само да спомнам Македонија пред четири години, можеби 5 години беше исправена пред 2 алтернативни опции. Првата која што нудеше стрплив дијалог со сите соседи со кои што имаме спорни прашања по мирен пат, достоинствено да ги решаваме нашите прашања внатре и да ги уредуваме односите со соседите. И една друга политика која промовираше сила, односно употреба на сила во разрешувањето на/~спорните прашања со соседите. Апсолутно се потврди дека политиката на мир, на дијалог, на разговори, на преговори, на договори има многу голема предност отколку на политиката на употреба на сила, затоа што исходот од таквата политика апсолутно е непредвидлив. Се знае, ќе се започне војната, тоа е и нешто најлесното што може да се случи, затоа што за тоа не треба многу ум, треба само да се имаат јасни намери дека ќе се влезе во војната, па сега кој ќе изгуби, достоинствено наводно ќе изгуби. Македонија на овој начин со овој пристап, првиот за кој што говорев фактички го одбрани националното достоинство на македонците и на граѓаните на Македонија, го сочува идентитетот национален и културен, ја сочува својата држава. Најдобар показател е токму ова што денес Македонија стана членка на сите европски и светски асоцијации што широко ни се отвора вратата за зачленувањето н во оние

институции кои што ја гарантираат и нашата безбедност. После Советот на Европа на ред е ОПСЕ, стануваме членови на Програмата Партнерство за мир која што ни гарантира безбедност на Македонија во пошироки рамки од причина што Македонија никогаш и со никој не сакала да се справи по оружен пат и со војна да ги решава своите прашања. Добивме она за што за Македонија се воделе, во Македонија до сега се воделе 4 војни, Македонија го добива тоа по мирен пат. И токму е тоа што воопшто не им одговара на некои наши политички противници и се разбира кругови надвор од Македонија. Дали Македонија со потпишувањето на оваа Спогодба ако се гледа малку попрецизно, поопстојно многу повеќе доби отколку што ние можевме денес овде да го изнесеме на парламентарната говорница.

Јас ќе дадам само еден скромен допринос. Македонија го изгуби знамето, но Македонија изгуби и друго знаме пред повеќе од две години. Што значи државите во светот ги менуваат своите симболи не само заради притисокот на некои други, туку и заради внатрешните политички состојби, победата или поразот на некоја опција. Но, Македонија со новото знаме не го изгуби националното достоинство, не го изгуби културниот и националниот идентитет. И да ги парафразирам само во овој контекст зборовите на нашиот претседател Глигоров во неодамнешното интервју на МРТВ: Зарем имаме право како луѓе кои што денес одлучуваме за најважните државни работи заради зачувувањето на еден симбол од две и пол илјади години, од пред две и пол илјади години да ја доведуваме во прашање судбината на денешните и особено идните генерации, да се оптовариме со минатото, со хипотеките од историјата и да не градиме перспектива за генерациите кој што живеат и

во Македонија и во овој случај и во Грција. Тоа немаме право секако. Немаме право таа шанса да им ја одземеме идните генерации да живеат многу подобро, а односите меѓу Македонија и Грција да се развиваат на пријателска основа, добрососедство со градење на многу повисок степен на доверие, со отворањето на границите, економско интергрирање, можност бизнисмените од Македонија да вложуваат во Грција, грците обратно во Македонија, да се живее по една формула која што не важи за останатите простори на Балканот. Балканот е полн со неизвесности, со анимозитет, со. омраза како услов за војна. Тоа Македонија со оваа Спогодба успеа да го направи. Мислам дека од тие аспекти гледано знамето може да значи многу, но апсолутно заради перспективата, иднината на генерациите за мене е влог кој што добива многу повеќе на другата страна од она што Македонија губи со знамето.

Самиот факт што до сега немавме шанса да седнеме со Грција да разговараме на иста маса како рамноправни субјекти како две рамноправни членки на ООН доволно илустративно говори дали Македонија на тој план добива многу. Не само што го призна Грција постоењето на Македонската држава и македонскиот народ, туку е спремна со Спогодбата да воспостави и целосни дипломатски односи, на почетокот отворање на канцеларии за врски, а подоцна и на највисоко амбасадорско ниво. Зарем тоа не е доволен факт дека се признава постоењето на Македонската држава и правото на тие луѓе, на тие граѓани својата држава да си ја нарекуваат онака како што тие самите сакаат. Самиот факт што и во Спогодбата стои дека разликите околу името на државата си остануваат меѓу договорните странки, исто така доволно говори дека на планот на името на оваа држава апсолутно не

треба да се има никаква резерва. А, да не говорам што значи сето друго на економски план, бидејќи моите колеги тоа доволно го говореа. И заправо дека оваа Спогодба е вистинско добро нешто направено, вистински погодок, говори истиот фон на реакција на опозицијата и во Грција и во Македонија. И таму бараат оставка на Владата, да се гласа за доверба на Владата, со зборовите "предавници" како што и нашата опозиција вонпарламентарна особено овде бара во името на предавството, националните интереси оваа власт да си отиде, односно, да абдицира. Според тоа ако навистина се доведуваат во иста релација, за мене е тоа добра основа да заклучам дека Спогодбата навистина ги изневерува очекувањата на најекстремните делови и во Македонија и во Грција. И не случајно се случи ова токму пред донесувањето на законот за знамето пред потпишувањето на Спогодбата меѓу Македонија и Грција да се одлучат некои мрачни сили да извршат атентат врз претседателот на Републиката. Знаеја тие што значи, дека е веќе конечно решен проблемот со заокружувањето на Македонија во меѓународни рамки, дека е остварен сонот на македонците да имаат своја држава, да бидат суверени во својата држава, во својата земја и можеби ова беше сега во овој момент нешто крајно кое што тие можеа да го преземат очајнички чин за да го свртат тркалото на историјата во онаа насока во која што се гушеле Македонците многу векови наназад. Од тие причини мислам дека на разните калкуланти околу тоа што сакаа да го направат може да се каже дека навистина им се очекувањата многу изневерени. Тие сакаа ништо друго освен во Македонија да направат пекол, хаос, безредие, да предизвикаат судир како внатре во власта, во коалиционите партнери, особено меѓунационален судир итн., и да предизвикаат нови претседателски избори затоа што знаат било што да се случи, било која

промена, било во Парламентот или во Владата, не носи такви негативни резултати врз состојбите на Македонија како ликвидирањето на претседателот на државата. Токму од тие причини тие одеа да го ликвидираат претседателот на државата. Но, мислам дека го делам мислењето на многумина, дека и на тие кои што се обидоа да извршат атентат врз претседателот на Републиката и да предизвикаат нови избори, како и на оние шпекулации, калкулации денес во државата, околу можните наследници на претседателот Глигоров, јас сакам да ви го пренесам моето лично уверување дека претседателот Глигоров е најдобриот кандидат за претседател на Република Македонија и на наредните редовни парламентарни избори, односно претседателски избори.

**РАТКА КУЉАН-ЗООГРАФСКА:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници јас се јавив за збор поодамна и дел од мојата дискусија претходните дискутанти веќе ја исцрпија, но имам и свој дел како придонес зошто сметам дека оваа Ратификација на оваа седница треба да ја донесеме ние. Некои од претходните дискутанти рекоа дека поминаа многу декларации и ратификации низ овој Парламент, и тоа е точно. Меѓутоа, мислам дека ќе се сложите дека овој сериозен документ кој ни претстои за усвојување денес е еден од документите кој што не може да се спореди по својата важност со сите претходни донесени во блиското минато на нашиот политички живот.

Затоа дозволете ми да го искажам своето несогласување на споредба на овој напор, долготраен напор до оваа Спогодба да дојде на овој начин и во овој момент да се спореди со партија шах, или со било

која друга игра, заради тоа што е несериозно и самиот обид да се направи таква споредба; ниту да се согласам со проценката за резултатите од партијата шах. Имаше разни погаѓања што зад Спогодбата се може да стои. Сакам да ви укажам на тоа дека јавно објавување на меѓународна спогодба член по член, ден по нејзиното потпишување не е вообичаена пракса. Зошто , по мое мислење тоа е направено во Македонија. За да можат сите граѓани да ја чујат и прочитаат содржината на Спогодбата, но за луѓето кои што се вклучени во одлучувањето во оваа држава, а ние сме дел од тоа, при читањето на ваквите спогодби се спомна на македонски и англиски јазик. Не е доволно на македонски и англиски јазик. Потребно е познавање и умешност за читање на политичкиот јазик. Тоа од пратениците се очекува.

X/1.-ДВ/МЛ

**РАТКА КУЉАН-ЗОГРАФСКА:**

Точно е тврдењето дека економски губар и Република Македонија и Република Грција. Јас ќе кажам за малку да ја преземеме дискусијата на тактичните или фрагматичките аспекти на тоа што Македонија доби и тоа Македонија изгуби во дејноста во која што работи, за да не се мисли во Парламентот дека само стопанството е она што го почувствува ембаргото, туку голема област на вонстопански дејности во многу осетливи делови на човековото живееше во Македонија, исто така, реперкусиите од тоа стопанство ги почувствува. Многу се зборуваше за разни човекови права во Парламентот. Но, сакам да ве потсетам г-да пратеници едно од основните човекови права што ние не сме во доволно ижување до сега во Парламентот е правото на заштита на неговото здравје.

Во изминатиот период заради затегнатите односи односно заради затварањето на границата беше загрозено реализирањето на основното право за заштита на човекот, тоа значи на децата од нивното раѓање, вакцинациите на новородените деца, заштита на старите лица на оние на кои што сме им должни по Законот за обавезни видови на здравствена заштита. Тоа се надминуваше со огромната помошти од меѓународната заедница која достигна прво во вид на лекови, материјали за болниците итн. Ја потенцирам огромната помош на која што сме благодарни на меѓународната заедница. Меѓутоа на страната на огромна помош стои еден опасен збор кој што никој не сакаме да го слушнеме веќе, а тоа беспомошност, ниту за себе, ниту за држава во која што живееме. Сметам дека овој народ никогаш не се согласувал со тој статус, ниту кога ембаргото е доведено, ниту во овој период кога ембаргото го трпевме, ниту сега кога се проценува дека е моментот да излеземе од тој статус и да добиеме нов статус, политички меѓународен статус и во

крајна линија попуштање на внатрешните социјални тензии кои што не не притискаат помалку отколку надворешните.

При настапот на министерот за надворешни работи, кога се планираше договорот, кажа многу јасно дека во овој договор нема победници и победени.

Охрабрена од она што претходните говорници го кажаа на оваа говорница, имајќи притоа елементи на критика и самокритика јас сакам да ве потсетам дека на> оваа седница не може да има херои. Таквите обиди се непотребни заради тоа што, г-да пратеници да не заборавиме дека ние сме претставници на народот што живее во Македонија на граѓаните во Македонија и дека тие очекуваат да ја направиме завршницата на долготрајниот процес што е започнат да се надмине спорот за да заживее нашето стопанство, се сложувам со колегата Стојановски да има проток на луѓе, туризам, но основно е луѓето да се чувствуваат безбедни во своите елементарни права.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници. Денес немав намера да дискутирам, со оглед на тоа дека ја ја поддржувам привремената согласност. Всушност ние и преку медиумите тоа го изјавивме, меѓутоа излегов на говорница да кажам неколку збора во врска со оваа привремена согласност. Самото име кажува дека таа има привремено траење, дека има еден рок на траење што е потребно, со оглед на тоа дека со овој чин, фактички, не се средуваат комплетно односите со Република Грција, само е влез во натамошно воведување на добрососедски односи. Веројатно дека и на двете страни тоа им е потребно, бидејќи, ако малку се вратиме на хронологијата на настаните

ќе видиме настаните почнаа со еден не- веројатен излив на национални страсти. Се уште се свежи тие митинзи од неколку стотици илјади луѓе. Тие од своја страна повлекоа лавина реакција од наша страна итн. и се разбира дека требаше време тие страсти да стивнат и со ладна глава да се размислува како и на кој начин да се воспостават привремени односи кои ќе бидат гаранција дека во иднина ќе имаме добрососедски односи.

Меѓутоа, интенцијата ми беше да кажам неколку збора во врска со тоа што во воздух висеше една теза кој колку добива а кој колку губи. Евидентно е дека двете страни со спогодбата добиваат, меѓутоа кои се нашите добивки, за тоа јас сакам малку таксативно да ги назначам.

Прво, оваа привремена спогодба или согласност, како што се вика, не е само обид туку и потврда дека со оваа привремена спогодба двете страни се поставуваат на рамноправна основа, без оглед на степенот на економската развиеност, на тоа дека јужниот сосед, Република Грција е членка на Европската Унија, на НАТО итн. Во прилог на оваа теза е, без оглед што Република Грција спори со нашето име, во согласноста се спомнува прва и втора страна. Тоа значи обид, двете страни да се поставаат на еднаква основа.

Второ, спогодбата обезбедува признавање на Република Македонија како независна и суверена држава. Ние дефакто како суверена и независна држава сме признаени уште при членувањето во ОН, независно што тоа беше под привремено име. Меѓутоа многу и е битно една соседна држава имплицитно да те признае како независна и суверена држава. Тоа е многу битна работа во дипломатијата.

Понатаму, гаранција дека заедничката граница ќе биде трајна и непроменлива. Зарем тоа, дами и господа не е добивка од оваа

согласност. Понатаму, што е многу битно, посебно за овие балкански простори, воздржување од закана или употреба на сила. Тоа дефакто значи дека овој спор се разрешува со мирни средства, дека употребата на сила е исклучена и дека меѓународната јавност и земјите кои ќе стојат позади овој документ такво нешто нема да дозволат, што е многу битно, посебно на овие наши простори и посебно за оваа наша економија која што се обидува да закрепне.

Понатаму, забрана на секој вид попречување на луѓе и стоки меѓу нивните територии, што дефакто значи не само укинување ембаргото, туку и оневозможување на слични причини воведување на нешто слично. Колку е потребно тоа слободно движење на луѓе, на стоки, проток на ум, времето ќе покаже. Веројатно тоа движење ќе оневозможи веќе повторно да се појават национални страсти и еуфории и работите ќе си легнат.

Понатаму, спогодбата оневозможува попречување на членството на Република Македонија во меѓународни мултилатерални и регионални институции. Тоа досега, видовме колку на нас ни штетеше. Република Грција имаше во многу институции право на вето и поради тоа вето ние не можевме да членуваме, што од своја страна повлекуваше свои негативни последици. Ако во оваа призма се анализира спогодбата, сосема е евидентно дека добиваме. Јас сметав дека оваа ратификација ќе биде само еден формален чин, со оглед на тоа што ние практично и го ратификувавме овој договор со 27-та седница кога ја прифативме промената на знамето. Меѓутоа не беше на одмет уште еднаш малку да продискутираме околу оваа тематика, да се оневозможи на некои сили кои еве прават обиди на вакво нешто да му дадат сосема поинакво значење, па да ги потсетиме дека тоа не е баш така како што некои размислуваат. Всушност, не смееме политиката да ја сфаќаме само во локални размери, само дека тука има однос на сили, дека тука се други

интереси и земајќи ги сите тие работи предвид, сметам дека со оваа согласност ние многу добивме и дека нема дискусија во однос на нивното прифаќаше. Токму поради тоа јас уште еднаш кажувам дека ќе ја прифатам ратификацијата на вре- мената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Ве молам ќе ми опростите ако во својата дискусија повторам некои работи, бидејќи покасно дојдов на седница, затоа што имавме средба со Комисијата за човечки права на Парламентарното собрание на Европа.

Не можам да се замислам себеси на денешниот ден кога разгледуваме нешто што е многу важно, што е од животен карактер на нашите граѓани, на државата, а да не излезам овде на говорница и да кажам, ако не повеќе барем пет-шест збора, заради тоа што сум бил пратеник и во поранешниот состав и сега а и заради тоа што претставувам една не многу бројна националност во Република Македонија, па не е лошо заради тоа што сме се состанале да го слушнете и моето мислење.

Ние овде во Парламентот изгубивме, да не речам многу но најмалку една половина и повеќе време само по ова прашање. Ние изгубивме сигурно една половина од своето слободно време приватно попладне, само со прием на делегации на разни места по ова прашање, ембаргото, Горе во Србија, во Босна, правата на националностите нашиот прием во ОН и во другите светски институции. Можеби некои не знаат за тоа, но тие што ги водеа делегациите знаат, Владата знае колку се луѓе доагаа и сега доаѓаат, им приредуваме пречек. Ако, тоа се наши пријатели.

X/6.-

Ние поминавме низ еден таков пекол што не може да се замисли. Ова не го споредувам со Босна заради тоа што имавме овде мудри луѓе што не дозволија да дојде до тоа што сега го имаме во Босна, а што за малку можеше да се случи. Поаѓајќи токму од овие работи, ние треба да бидеме многу среќни и радосни. Знаете вие дипломатијата е начин и средство со кое можеме да се разбереме и само таа е средство со кое можеме да се разбереме со соседите, со подалечните соседи, со светските институции и н.,а тоа зависи од тоа колку ја познаваме, колку сме навлегле во дипломатијата и зависи колку нас не разбираат тие што се наши соговорници. И добро е што скоро цела Европа е со нас, светот е со нас и уште подобро е што соседна Грција веќе дојде на становиште дека и покрај тоа што има и кај себеси спротивности, зошто спротивностите секогаш постојат, се реши на еден ваков чекор што и ние исто така се решивме на таков чекор. Не е многу битно што пишуваат првата и втората страна. Се знае на што се мисли. Но интересно е што наши еминентни академци и политичари седат на некоја друга страна и не критикуваат ја критикуваат токму оваа спогодба што нема име и презиме итн., ка ко да тие и мислат добро на оваа држава, му мислат добро на овој народ, на овие граѓани, на Македонија, а ние што сме овде и мислиме лошо и на државата и на народот и на секој еден граѓанин, чесен и поштен. Да се прашаме, ако некој ја злоупотребува таа работа, приватизацијата, односно штрајковите, односно немањето работа надвор, немањето работа внатре, барањето минимум на социјална заштита, за- тоа што сме и ние социјална држава и тоа го капитализираат за себе, кажувајќи дека ако ние сме таму дека ќе биде поубаво, мед и млеко ќе потече. Јас велам дека можеби сега е дојдено времето да потече и мед па и малку млеко.

X/7.-

Јас сакам во име на фабриката "Комуна", како директор на Секторот за економика, план и развој, односно како советник во фабриката мојата фабрика да продава во сред Загреб хартија. Они и сега сакаат, но тоа треба сега да оди преку Бугарија, Румунија, Маџарска, Австрија. Значи три ипол пати повеќе превоз, отколку што чини хартијата. Јас верувам дека .ќе дојде времето секој да мора да знае дека мора да престане со тоа, со војните и претензиите и ќе одиме во Европа. Тоа значи нашиот работник од таму и нашиот работник што е овде ќе влезе на работа, ќе се врати по фабрики, приватизација, приватизација, ама од приватникот ќе бара 1500, 2000 или 3000 марки, ама ќе биде ефикасноста многу поголема, ќе биде многу поголемо користењето на средствата за производство, ќе биде многу поголема дисциплината,секој ќе си ја гледа работата, а тоа значи дека ние веќе одиме кон еден нов свет. Ние направивме и имаме еден правен субјективитет, сега на пат сме да го добиеме оној вистински наш и економски субјективитет од кој зависат сите други, како што рече госпоѓата Куљан и здравството и социјалата и да не ги набројувам сега. Општите општествени потреби на државата од економијата да зависат а не од помош. Ние сакаме помош, сакаме кредити, сакаме се, но сакаме да ги вратиме. Сакаме позајмицата на еден кредит од 80 милиони долари со 10 или 20 години грејс период, значи после 10 или 20 години да се врати. Кој го дава тоа. Ни го даваат на нас, на Македонија, затоа што знаат дека сме во многу тешка ситуација.

Поддржувајќи ја оваа спогодба за која ние денес разговараме, предлагам да ја ратификуваме со две раце, нека нашиот народ биде мирен, нека нашите соседи бидат мирни, нека нашите граѓани од двете држави одат и доаѓаат слободни и комотни, нека секој граѓанин размислува прво за своите деца па после за комшиските.

X/8.-

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Можеби после даденото експозе од страна на господинот Црвенковски, премиер на актуелната Влада на Република Македонија, можеше ова прашање комотно да се затвори без да дискутираме.

XI/1/CJ/лј

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ**: (продолжение)

Да го кажеме нашето чувство во овој момент и понатаму, и мислам дека секо^а дискусија треба да се сфати, што викаме толеранција, релаксација, итн.

Ова прашаше што се поставува како Спогодба пред една недела односно пред 27-та седница може да се постави и од политички аспект и од економски аспект. Денес јас како пратеник, како субјект го сфаќам повеќе како прашање од економски аспект затоа што политичкиот аспект и еден член кој и те како беше за нас одговорен за промена на знамето ние го реализиравме. Фактички, пред ратификацијата ние од спогодбата реализиравме. И токму ова што го направивме ние како пратеници на една посебна седница пред оваа ратификација ние даваме на знаење пред балканската, европската и светската јавност дека даваме допринос за надминување на присутните недоразбирања со соседите на Балканот во Европа и во Светот.

Може би некој од страна ова може да го критикува, дека редоследот на нештата не е во ред, меѓутоа токму напротив дека даваме, дека сме народ мирољубив итн.

Јас се извинувам што се употребуваше терминот го изгубивме знамето. Ние свесно со тешки срца веројатно и како актуелна Влада, како пратеници ние само го променивме принципиелно, компромисно со едно друго знаме со една единствена цел, да дадеме допринос сите недоразбирања да се надминат со нашите соседи со непосредство на Обединетите нации односно на САД. Така да не го изгубивме, ние не сме овде заспиени да го изгубиме, туку свесно, чесно компромисно принципиелно само го заменивме со друго знаме затоа што рековме оваа спогодба многу значи.

XI/2.-

Јас повеќе би се задржал на оваа спогодба, оној политички аспект помина, но ако имаме четири соседи, тоа се сто по сто, а до днес имавме три соседи односно два соседи, тоа се 50 односно 75% од кои северниот сосед ни е под ембарго, ни останува само слободна соработка повеќе на економски план со Р. Бугарија со Р. Албанија, а имаме четири соседи. Ако имаме можност, шанса, јас го елаборирав повеќе економскиот аспект во овој момент да соработуваме и со останатите два соседа, но бидејќи северниот сосед е под ембарго, каква таква соработка во овој момент но останатата соработка 25% со еден развиен сосед како што е Република Грција тоа многу значи за економијата, за капиталот на РМ.

Јас сум можеби од оние пратеници што не се сложувам со политичкиот маркетинг одовде, викаме ние сме балканци, пратениците во Републичкото Собрание на РМ по животниот стандард се европјани, да не кажам и американци, но нашите граѓани кои ни дадоа доверба од 3 до 7 илјади гласа, дали се тие европјани, да не кажам и американци. А, јас се прашувам, дали само политички према граѓаните се обраќаме или треба да ја поддржуваме онаа политика, оној амбиент, оваа актуелна Влада или утре друга актуелна Влада, која ќе биде, која ни дава елементи, која ни дава еден поволен економски амбиент, оваа Република Македонија, Република, држава на сите граѓани на македонци, албанци, турци, срби, роми, власи, да биде економски јака. Ако имаме економски јака држава и нашите недоразбирања на национален план полесно ќе ги решаваме. Тоа е факт.

Затоа предлагам оваа Спогодба покрај сите позитивни оценки, а јас знам и носиме одредена одговорност, има критички оценки, но оние

критички што се осврнуваат на времената спогодба и на нашите "отстапки" да ги прашаме кои допринос го даваат моментално и повеќе време наназад за подобар егзистендионален живот на граѓаните во РМ. Само така да ги прашаме. Секој што го. има во напис во средствата за информирање , јавни настапи, што го осудува знамето, што ја осудува времената спогодба, дај да видиме колку допринос даваат на граѓаните во РМ односно она што го опкружува. Тоа е една сувопарна политика што влече назад. Затоа сметам дека за мене е битно и клучно прашање политичкиот аспект, затоа зборувам за економскиот аспект проток на информации од научен, стручен аспект, проток на луѓе, проток на капитал. Ние само така можеме да имаме економски јака држава РМ и секогаш во економски јака држава можеме сите прашања кои се во овој момент решливи и дел нерешливи и т.н. подобро ќе се решаваат.

Благодарам.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, јас мислам дека нема ништо да кажам што не е кажано, меѓутоа за крај може и јас моето мислење да го истакнам пред овој парламент.

Оваа конвенција мислам дека е една од битните конвенции на политички план и мислам дека држава Македонија со ова го покажува уште еднаш неговиот труд на надворешната политика која сега се окончува и со еден резултат излегува пред јавноста, дека ние ќе ги средиме сите проблеми од надвор и на крај нормално дека остана и некој други проблеми што се на внатрешен план, од внатрешната политика.

Една мошне интересна работа е, додека пред извесно време, да речеме пред 20 и неколку месеци кога размислувавме сите дека сите

работи ќе се подобруваат и ќе оди се на најдобро, од нашиот јужен сосед, нормално, се постави една барикада, нормално, сите бевме огорчени од тој акт и сега кога помина едно време и сите ги знаеме последиците од ова мислиме дека ќе биде добро за сите нас во Македонија, без разлика од која национална припадност сме. И, на крај мислам дека тие ѕидови што пред извесно време на пример кај некои европски држави беа урнати , сега ќе се урне уште еден ѕид кај нашиот сосед Грција и мислам дека оваа конвенција без разлика дека одредени пратеници дадоа некои забелешки што мислам дека тие забелешки не беа причина за некои несогласувања меѓу нас, меѓутоа тие се некои концепции од некои поединци, нормално сите ние како такви треба да ги сфатиме и да не размислуваме дека тие се некои тенденции или погрешни ставови.

Јас им забележувам на некои пратеници, место тука да допринесат за некои работи што денеска треба да ги разгледуваме токму за оваа цел тие се фаќаат за некои други проблеми што мислам дека не е в ред. Се спомнуваат тука имиња , на два три пати тука се спомна името на г-дин Руфи Османи, без разлика дека тој се залагаше на некој начин и нормално сакаше својата концепција да ја изнесе пред овој парламент.

На крај, да не должам многу мислам дека оваа конвенција како таква треба да се прифати и нормално треба да се поздрави, а на крај мислам при минување на овие работи мислам дека и Владата и другите органи на државата ќе им посветат внимание и на некои внатрешни проблеми на државата кој нормално треба понатаму да се решаваат.

Благодарам.

XI/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Руфи Османи. Пратеникот го спомна, ама не во тој смисол.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас многу му се заблагодарувам на г-динот претседател и ќе го честам едно кафе за оваа можност што ми ја даде. (Смеа на пратениците во салата). Јас ќе бидам многу краток и само уште едно ќе изнесам, тоа е ова: Многу е интересно да некој те етикетира со зборовите крокодилски солзи> а од друга страна истиот да има гуштерска насмевка. Значи, се работи за двоен морал кој не треба да се коментира, прво.

Второ, исто така сходно на тој двоен морал истиот добива громогласен аплауз од пратениците кои му го негираат неговиот мајчин јазик и тоа оди во насока на тој двоен морал,. Понатаму, краток ќе бидам, партија шах, животот е партија шах. И во тој живот некој до- бива мат, Ве молам и тоа е дел од играта.

И, на крај, зошто во овој парламент, да кажеме сите ја пејат една песна која оди во нивен прилог, ја пејат од една проста причина бидејќи мелодијата е ваква, ем еднодомен, ем едноумен. И, ситуацијата е јасна .

Благодарам.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, нашиот претседател на некој по три пати му дава збор, а мене ниту еднаш. Меѓутоа, како било.

Јас не би сакал да дискутирам многу по спогодбата што денес е на дневен ред на нашиот парламент, меѓутоа како пратеник од дваесетина села што се наоѓаат во пограничната зона меѓу Македонија и Грција, што пред 80 и повеќе години ја поставија комшиските буржоазии ќе гласам за оваа прва македонско - грчка спогодба што се склучува за соработка на сите меѓудржавни полиња. Ќе гласам затоа што се надева дека оваа граница што некогаш ги прекина корените на македонците од двете страни сега ќе биде брзо слободна за движење на македонците од двете страни и овие корени ќе пуштат нови жили за доброто на Македонија.

Благодарам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас ќе се воздржам од било какви ниски квалификации, какви што даде г-динот Османи, од едноставна причина што јас него повеќе го почитувам отколку/што тој мисли, мисли дека јас навистина мислам за него. Но, што ми беше тенденцијата мене овде. Мојата идеја беше да се разобличи една перфидна тенденција овде некој да одигрува улога на поголем католик од папа. Сметам дека г-динот тоа невешто го направи зошто самиот во текот на својата дискусија беше демантиран. Инаку, како да се сфати ситуацијата да се ронат солзи, повторувам, за тоа знаме, а да се нуди алтернатива за промена на името. Или, како да се сфати ситуацијата да се ронат солзи за божемното наше откажување од нашето малцинство, македонското малцинство во Грција, а од друга страна да се наметнува став ние да не треба да прифаќаме ваква спогодба со кое ќе се нормализираат тие односи и со која дирек- но ќе им се помогне на тоа малцинство таму.

Мене тоа ми беше тенденцијата, а инаку, повторувам, се воздржувам од било какви такви ниски квалификации. Тоа нека му биде на чест на г-динот Османи.

XI/7.-

**РУФИ ОСМАНИ:**

Што се однесува до почитот што го искажа г-динот Зибери, јас и тој се познаваме долго време, јас не верувам на празните муабети делата се битни во таа смисла, но тоа е негова интима и не навлегувам во тоа.

Инаку, штос е однесува до работите во врска со знамето, јас многу убаво констатирав четири точки, во една од тие две точки, во една од тие точки искажав две размислувања, еве ќе ги прочитам бидејќи има потреба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, г-дине Османи само еден момент, само да Ви објаснам нешто, репликата има смисла само ако сакате да појасните што сте мислеле со тоа што сте го кажале, не да го повторите. Само тоа. Ако имате впечаток дека некој не Ве разбира.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Договорено. Еве ајс стојам на располагаше бидејќи г-динот Зибери се чини со ушите не е добар ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, Ве молам, не, не, не, не се дава збор овде ,...

**РУФИ ОСМАНИ:**

Ве молам, ќе завршам. Јас ќе му ја дадам мојата дискусија која е напишана, па нека прочита самиот и самиот ќе се демантира од она што го изнесе.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Стево Црвенковски, министер за надворешни па работи и претставник на Владата.

XI/8.-

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Документот што е пред вас е чекор, чекор на еден пат кој има свој појдовни позиции и има своја цел. Дозволете ми да кажам неколку збора за овој пат со опасност да некои работи ги повторам, и порано чуени, меѓутоа, се неопходни за една слика, за целината на патот.

Како основна појдовна позиција на надворешната политика на РМ го поставивме принципот на еквидистанца во односите со соседите. Што значи тоа? Пред се, тоа значи дека ќе сакаме подеднакво добри односи со сите соседи. И,

Второ, значи дека не сакаме никакви специјални односи со ниеден сосед и нема да дозволиме ни една посебна привилегирана позиција на ниеден сосед во односите со нас.

Зошто е овој принцип неопходен за позицијата на РМ денес и во иднина?

Република Македонија е во срцето на Балканот, крстопат е на Балканот и сите патишта водат преку неа. Интерес е на сите тие патишта да бидат отворени. РМ има неопходна потреба да ги ангажира сите можни сили во одбрана на својата позиција и во одбрана на својата независност. Најлесно тоа може да го постигне ако ги впрегне своите соседи место да работат против неа, да работат за нејзината независност. Со принципот на еквидистанца се обезбедува секој од нашите соседи да има личен интерес да ја штити независноста на РМ, некои тоа побрзо го сфатија, некои тоа подоцна го сфатија, некои ќе го

сфатат во блиска иднина, меѓутоа на секој што размислува за сопствените интереси на Балканот ќе му стане јасно дека негов интерес е да ја штити независноста на РМ. Со тоа почнавме да градиме една нова слика на Балканот.

Овој принцип беше и најжестоко напаѓан во РМ, од многу страни од многу политички сили, од многу претставници на политички сили. Зошто? Токму заради тоа што тие политички сили на кои што им беше во интерес да ја разурнат РМ, да ја оневозможат нејзината стабилизација, да го оневозможат нејзиниот пат кон меѓународна афирмација, јасно согледаа каква огромна енергија се впрегнала со примената на тој принцип во заштита на РМ, јасно согледаа дека тој принцип, нивните цели ги отежнува, постигнувањето на нивните цели го отежнува. Заради тоа беше страшно концентриран напад на овој принцип на нашата надворешна политика токму од оние сили што сакаа да ја уништат Република Македонија.

XII/1 СС/ПН

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Втор принцип кој го поставивме беше нашата европска ориентација. Зошто европска ориентација за Република Македонија? Затоа што страдањата на Балканот низ долги и долги генерации, пред се, произлегуваа од тоа што Балканот не се вклопуваше во тековите на цивилизацијата. Заостануваше зад тие текови. Толкувањето во Европската ориентација денес не подготвува во 21 век да бидеме на право место, со прав чекор, со право темпо да го градиме развојот на РМ, економскиот развој, општествениот развој и да обезбедиме една иднина за идните генерации. И, да обезбедиме еден степен на сигурност на оваа држава и земја.

И овој принцип беше предмет на најостри напади. Повторно од оние што јасно согледаа дека и со тоа нивната цел за дестабилизација на оваа држава се оневозможува. Најстрашни напади беа тврдењата дека е погрешна Европската ориентација, тврдења дека треба да одиме кон некои регионални ориентации само заради тоа што и тука јасно им беше дека сме го избрале точно оној прав пат кој нивните антимакедонски цели ги попречува.

Трето, врзано со Европската ориентација е Евро-атланската ориентација, пристапување кон колективните системи за безбедност, соработка на планот на безбедноста. И тој принцип беше предмет на напади од истите причини.

Понатаму, еден од принципите на нашата надворешна политика беше отвореност и целосна соработка со меѓународните организации, со меѓународните институции. Зошто ја баравме таа соработка и зошто ја прифаќавме таа соработка секогаш кога ни се нудеше?

Затоа што оценивме дека најјакото оружје што ни стои во рацете на патот кон нашата независност и на патот кон нашата меѓународна афирмација е вистината за РМ и вистината за состојбите во РМ. За таа вистина побаравме што е можно повеќе сведоци од сите меѓународни

организации, од сите меѓународни институции. Од секаде од каде што можевме да ги добиеме. Огромниот дел на тие сведоци беа неутрални во почетокот, дел беа дојдени добронамерни, дел дојдоа злонамерни. Сите отидоа со слика за вистината за РМ. И, тоа беше најстрашно напаѓано од добар дел на политичките сили што се противеа на овој курс. Беше напаѓано затоа што сфатија дека и тука нивните цели ќе бидат пресечени. Ако ние ја создадеме во светот вистинската слика за Македонија, за состојбите за демократијата во РМ, за состојбите на човековите права и малцинските права во РМ, ако ја создадеме сликата за вистината за Македонија, тоа ќе ни отвори, како што и ни отвори една огромна меѓународна поддршка и тоа на оние што сакаа да ја разорат РМ им беше јасно, јасно им пречеше и оваа определба, јасно ја напаѓаа во целиот овој период.

Само да ве потсетам дека низа луѓе во овој период кои најмногу направија и за РМ, луѓе како што се Сајрус Венс, Метју Нимитс, Макс Вандерштул, Герт Арнес и да не набројувам други беа плукани, напаѓани со сите можни средства заради тоа, не заради тоа што беа на наша страна, не заради тоа што навиваа за нас, затоа што тие никогаш не навиваа за нас и никогаш не беа на наша страна, чесно си ја вршеа својата работа и секогаш беа на страна на вистината. Меѓутоа, и тоа им пречеше бидејќи видоа, на противниците на оваа политика, бидејќи видоа каква поддршка обезбедуваме за патот на РМ кон својата иднина.

Понатаму, како јасен принцип на нашата надворешна политика го поставивме принципот на целосна отвореност кон светот, широка соработка со сите земји во светот кои тоа го сакаат. Отворивме канали на соработка со најголемите земји во светот. Воспоставивме извонредна

соработка со Русија, Кина, Јапонија, низа други земји да не ги набројувам сега. И тоа беше напаѓано.

Цело време се зборуваше дека треба некоја алтернативна политика. И, се нудеа алтернативни политики. Не би сакал да зборувам за тоа какви резултати би дале тие алтернативни политики во РМ. Тоа би биле претпоставки, хипотези. Меѓутоа, околу нас сведоци сме на алтернативни политики што се спроведуваа и се спроведуваат на разни делови на Балканот. И ги гледаме резултатите нас тие алтернативни политики: војна, крв, разорнувања, раселување на луѓе,илјадници жртви, илјадници бегалци. Тоа е алтернативата на оваа наша политика.

Меѓутоа и во таа алтернативна политика има нешто за што нема замена, нема алтернатива. Тоа е дека споровите, проблемите се решаваат со спогодби. И, ние гледаме, токму тие со алтернативните политики дека седнаа' да ги решат споровите со спогодби. Дури и со истите посредници. Но, после крв, после војна, после разорани семејства, после трагедии на целите простори. Тоа е алтернативата на оваа политика кон која што ние тргнавме, спогодба без војна.

Цело време се создаваа сомневања овде со една многу јасна цел да се создаде клима на недоверба и оние чекори што не зацврстуваа од ден на ден да бидат попречени. Па, се излегуваше со тези: присуство на мировни сили не е гаранција за безбедност на една земја; меѓународно признавање не е гаранција; членство во ООН не е гаранција; затоа што сакаа да не попречат да ги направиме тие чекори, затоа што сакаа да не ја обезбедиме иднината на македонската нација и на македонската држава. Ние ги презедовме тие чекори, иако е тоа точно дека ниту еден

од нив сам за себе не е гаранција. Меѓутоа, целината на една надворешна и внатрешна политика заедно со тие чекори е гаранција.

Не напаѓаат дека не водиме грижа за заштита на националните интереси. Кој не напаѓа?

Доста се зборуваше и сега можете да прочитате во некои коментари во недобро информиран странски печат дека против оваа политика се националисти, екстремни националисти. Тоа не е точно. Кои се најгласни што ја напаѓаат, не само оваа Спогодба туку курсот на оваа политика? Токму тие кои во последниве месеци јавно се изјаснуваат како припадници на друга нација, токму тие кои јавно го негираат постоењето на македонската нација или скриено изразуваат сомневање во тоа. Тоа не можат да бидат националисти. Можеби се националисти за некоја друга нација?! Меѓутоа, точно е тоа дека тие настапува цело време во својата политичка пропаганда со национални и националистички пароли. Зошто? Зошто не ги кажаа правите цели? Зошто ги маскираа со тие национални и националистички пароли? Тоа е стара стратегија на која долго време сме биле сведоци на Балканот. Посебно во Македонија. За тоа што знаат дека за нивните вистински цели не можат да имаат поддршка од никого во оваа земја. Мораа да одат со залажувања. Мораа да направат обид да приберат чесни македонци, заведени под тие нивни пароли во своја поддршка. И, втора цел, исто добро позната, да се создадат делби во македонскиот народ кои повторно би довеле до некоја трагедија, како што доведувале во минатото.

Меѓутоа, оваа нивна стратегија доживеа неуспех, затоа што не можат така лесно да го залажат повторно македонскиот народ.

XII/5

Која е сега нивната реакција што ја гледаме непрекинато, на тој неуспех? Велат, не чини народот, сега. Велат народот не е доволно освестен, не е доволно умен. Читаме графити, читаме пароли по ѕидови кои велат "Свести се Македонче", "Македончето да се разбуди". Во овие пароли што се проследени со многу други гнасни пароли за кои не сакам да зборувам меѓу овој тип на пароли има две грешки. Првата грешка што Македонецот и македонскиот народ никогаш во својата историја не бил посвесен и појасно не ја гледал својата иднина отколку во овие последни неколку години. А, втората грешка е психолошка грешка, во која потсвеста на овие луѓе ни открива кои се всушност тие. Кои се навистина тие. Тие зборуваат за македончето, за македонче, за нешто мало, за нешто ситно што ниту еден вистински македонец никогаш не би го направил, затоа што секој знае низ векови на историјата трагична, на овој народ со каква големина чекореле неговите прадедовци. Тие што можат да пишуваат вакви пароли, а поврзете ги првото и второто со тоа, се се друго освен не македонци.

Она што ние се обидовме да создадеме беше не само нова политика, нова линија на политиката на РМ во меѓународните токови, туку една нова слика на Балканот. И, со една офанзивна политика наметнавме размислувања кај сите за нови односи на Балканот. Поминавме еден пат од целосно неприфаќање, од целосно неразбирање на нашите тези, од Лисабонската декларација што сите добро ја знаете до целосно разбирање, до целосна поддршка практично на целиот свет, на сите меѓународни институции.

Би илустрирал само, бидејќи по повод на еден таков документ зборуваме, реакции на дел на политичари кај еден од нашите соседи од Грција што би сакал да го илустрирам ова прифаќање и оваа поддршка.

Истакнати политичари во Грција даваа изјави - немаме разбирање од страна на нашите сојузници, Грција нема разбираше од страна на сојузниците; Советот на Европа е непријателска средина за Грција; ова го наведувам само како илустрација за нивото на поддршката со која успеавме да се избориме. Меѓутоа, никако не како наш интерес било каде да се создаде непријателска средина за Грција или непријателска средина за било која наша соседна земја затоа што тоа не се вклопува во сликата на Балканот што ние ја градиме и што ние ја сакаме. Ние не сакаме непријателски средини за никого и ние не сакаме било чии односи со било кој друг да се расипат. Напротив, ги поздравуваме и ги поздравуваме и понатаму сите позитивни резултати во односи помеѓу било кои две земји на Балканот.

На повеќе наврати зборувавме, јас овде зборував на седницата кога ги образлгавме принципите кон кои ќе се стремиме со оваа Спогодба дека не сакаме победени и поразени во овој спор. Зошто? Зборуваме за Европска ориентација за европска опција. Што значи европска опција? Што значи Европа, онаа Европа што сега е обединета,низ неодамнешната историја? Неодамнешната историја. Нема практично две соседни земји кои се сега членки на Европската Унија, а кои низ историјата немаат пролеано море крв во меѓусебни војни. Со векови гинеле за да има победник и поразен. И со векови Европа била поле на безгранични трагедии.

XII/7

Кога зборуваме за европска опција зборуваме за онаа Европа која после трагедиите на II Светска војна сфати дека не смее повеќе да се дозволи да има поразени и победени. Дека треба да се оди кон нешто што ќе создаде добробит за сите во Европа, што ќе создаде соработка на сите во Европа и како резултат имаме еден извонреден•раст на стандардот таму, едно извонредно пружање на шанса за сите нови генерации, еден отворен простор за иднина. Заради таква европска опција ние зборувавме овде дека не сакаме победени и поразени ни на Балканот. Не заради тоа што не се знае кој колку и што добива овде. Затоа што сакаме рамноправна соработка со сите врз рамноправни основи, врз меѓусебно почитување, врз општо признати европски норми и стандарди.

За да дојдеме до тоа, зборував за овој пат и за појдовните позиции на овој пат на кој е овој еден чекор, да дојдеме до целта на тој пат. Еден Балкан во кој што ќе бидат отворени граници, како што се сега отворени границите во Европа, што е најдобро решение за македонските национални интереси и з а сите прашања што се отвораат тука, за еден Балкан што ќе тргне кон патот на економски прогрес и ќе го фати чекорот во Европа, наместо да гинат повторно генерации и генерации околу тоа кој ќе победи во она или ова. Заради тоа што поставивме јасна цел за иднина.

Како резултат на она сведоци сте, кај сите балкански земји, посебно кај соседните, во последниве недели особено, на еден бран на преиспитување на нивните политики. Кај сите.

XII/8

На една голема дискусија и по однос на нивните балкански политики, посебно во однос на нивните политики кон РМ. Бран на расправи и на размислувања. Што значи дека она што ние го направивме се движи кон целта. Се движи кон едно ново размислување за една нова слика на Балканот.

Овде се поставува прашање дали можеше порано оваа Спогодба да се потпише пред 5 месеци, пред 10, пред 15? Не можеше почитувани пратеници. Прво, заради тоа што оваа промена на свеста на Балканот не беше постигната. Второ, заради тоа што се судиравме со сосема друг тип на барања. Барањето беше сменете го името, знамето и Уставот па после да почнеме да преговараме. Не можеме порано. И, оној прв момент кога можеше ние тоа го направивме.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ**:(Продолжение)

Пред месец, месец ипол реков во една телевизиска емисија дека верувам за два три месеци ако не направиме некоја крупна грешка или ако не се случи нешто крупно дека ќе биде целосно стабилизирана меѓународната политика на Република Македонија. И работите почнаа да се движат во тој правец. Меѓутоа и други го сфатија тоа. Дека сме на излезот од тунелот и дека после тоа нема да ни можат ништо. И додека низ мачниот пат низ тој тунел ни поставуваа сопки на секој чекор, на излезот на тунелот знаеја дека повеќе не може со сопки и се обидоа со терор. На излезот од тунелот, оној момент кога светлина ја заблесна Република Македонија удрија на врвот на симболот на државата. Удрија со терор на човекот кој беше, е и ќе биде креатор на оваа политика на Република Македонија. А со еден подмолен напад, затоа што сфатија дек ана друг начин не можат да попречат. Време е да сфатат дека ни на тој начин не можат да попречат.

Истрагата за оваа трагедија за овој мрачен чин ќе трае.

Веројатно ќе дојде до изнаоѓање, верувам дека ќе дојде до изнаоѓање на извршителите на ова гнасно злодело. Меѓутоа не треба да заборавиме дека е создавана политичка клима во оваа држава за еден ваков терористички акт. Не треба да заборавиме дека политички сили овде повикуваа на линч, повикуваа на убиства, повикуваа на крв и дека тоа е исто толку одговорност колку што е одговорноста самото подметнување на бомбата. Не треба да заборавиме дека се отвораа кампањи за претседател 4 години пред избори со жив и здрав претседател. Не треба да заборавиме дека се повикуваше на терор. Премногу има отворени прашања во воздухот за да може да останат непоставени.

XIII/2.-

Почитувани пратеници.

Ве повикувам денеска да гласате за документот што е пред Вас, Гласајќи за овој документ не гласате само за ратификација на документот. Гласате за заштита на нашиот национален идентитет. Гласате за заштита на интересите на Република Македонија. Гласате за иднината на Република Македонија. Гласате против вековните делби на Балканот и гласате против теророт. Гласајќи имате можност денеска почитувани пратеници, ретка можност да пратите една порака кон иднината. Имаше многу луѓе во оваа земја кои огорчено го напаѓаа нашиот прием во Обединетите нации, со најцрни зборови, постапката за прием за да после неколку месеци , кога ги видоа резултатите од тоа го сменат мислењето, па го оценуваат приемот во Обединетите нации како голем чин, како голем чекор за Република Македонија,а на прашањето - па, зошто тогаш плукавте велат: е, па, не знаевме дека ќе биде вака. Сега господа пратеници имате _прилика да им пратите порака на тие што после извесно време, што сега плукаат по оваа Спогодба, а што после неколку месеци, после извесно време кога ќе ги видат резултатите од ова ќе велат: ама, не знаевме дека ќе биде вака. Да им испратите јасна порака:

НИЕ ЗНАЕВМЕ

(Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

XIII/3.-

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на времената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција склучена во Њујорк на 13 септември 1995 година.

Кој е за молам, да крене рака?

104 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? 104 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање.

1 е воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

XIII/4.-

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на називот на законот и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на називот на законот и на член 1 поднесен од Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Амандманот со кој се согласил повереникот на Владата се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи амандманот е прифатен нема расправа.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

102 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

1 е против.

Дали некој се воздржува од гласање.

2 се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на привремената спогодба меѓу Република Македонија и Република Грција склучена во Њујорк на 13с септември 1995 година.

XIII/5.-

Почитувани пратеници многу долго дискутиравме, точката заслужува, општ резултат од гласањето е соопштен. Мислам дека треба од оваа сала да излезете сите како луѓе горди за едно големо достигање на македонскиот народ и на Република Македонија.

(Аплауз)

Вие сте сведоци и учесници во ова. Ова има многу изречени квалификации што значи. Ова е почеток на 21-иот век на просторот на Балканот. Ова е победа на идниот век на опциите на идните генерации врз се она крваво и мачно што се обидуваше да господари овде. Ние и на овој начин му искажавме, колку држиме да политиката што сите ние ја створавме, но нашиот претседател ја заобличуваше и беше нејзин предводник. На овој начин ние ја изразуваме и нашата желба да што поскоро се врати и да ја обавува својата должност.

(Аплауз)

Да го поздравиме овој чин.

(Сите пратеници аплаудирајќи станаа).

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 28-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,00 часот).